Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Филозофски факултет во Скопје
Институт за педагогија

Последипломски студии по

Менаџмент во образование

# ЕВРОПСКИ ПРОГРАМИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА – МАКЕДОНСКИ ПЕРСПЕКТИВИ

**Магистерски труд**

**Ментор:**

Проф. д-р Зоран Велковски

**Кандидат:**

Дарко Димитров
Индекс: 4269/11

Скопје, август 2014 година

# СОДРЖИНА:


Вовед ..... 5

Прв дел – Теоретска рамка на истражувањето ..... 6

1. Теоретски пристап кон проблемот ..... 7

2. Европски политики во образованието и обуката ..... 9

3. Дефинирање на европската програма Доживотно учење и нејзиното значење ..... 10

4. Национална агенција за европски образовни програми и мобилност ..... 13

5. Програма Доживотно учење ..... 15

5.1 Структура на програмата „Доживотно учење" - децентрализирано управување во Република Македонија ..... 15

5.2 „Комениус" – програма за училишно и општо образование ..... 15

5.2.1 Основни податоци за секторската програма „Комениус" ..... 15

5.2.2 За програмата „Комениус" ..... 15

5.2.3 Цели ..... 16

5.2.4 Учесници во програмата „Комениус" ..... 17

5.2.5 „Комениус" акции во Република Македонија ..... 17

5.2.6 Подготвителни посети ..... 18

5.2.7 Обука на работно место ..... 19

5.2.8 Кој може да аплицира ..... 20

5.3 „Грундивиг" – програма за образование за возрасни и лица кои се занимаваат со образование за возрасни ..... 20

5.3.1 Основни податоци за секторската програма „Грундвиг" ..... 21

5.3.2 Цели ..... 21

5.3.3 Учесници во програмата „Грундвиг" ..... 22

5.3.4 Акции „Грундвиг"во Република Македонија ..... 22

5.3.5 Подготвителни посети ..... 23

5.3.6 Обука на работно место ..... 23

5.3.7 Посети и размени ..... 24

5.4 „Леонардо да Винчи" - програма за стручно образование и обука ..... 24

5.4.1 Основни податоци за програмата „Леонардо да Винчи" ..... 25

5.4.2 Цели на програмата „Леонардо да Винчи" ..... 26

5.4.3 Учесници во програмата „Леонардо да Винчи" ... 26
5.4.4 Акции „Леонардо да Винчи" во Република Македонија ... 27
5.4.5 Подготвителни посети ... 28
5.4.6 Почетна стручна обука ... 29
5.4.7 Лица на пазарот на трудот ... 29
5.4.8 Професионалци во стручно образование и обука ... 30
5.5 Програма „Еразмус", програма за мобилност во високото образование ... 30
5.5.1 Основни податоци за програмата „Еразмус" ... 31
5.5.2 Цели ... 31
5.5.3 Учесници на програмата „Еразмус" ... 32
5.5.4 Акции од програма„ Еразмус" во Република Македонија ... 34
5.5.5 Мобилност на студенти ... 34
5.5.6 Мобилност на наставен кадар ... 34
6. Програма „Еразмус плус"2014-2020 ... 34
6.1 За ЕРАЗМУС+ ... 34
6.2 Генерални цели на Еразмус+ ... 38
6.3 Структура и распределба на буџет за Еразмус+ ... 38
6.4 Кој може да учествува ... 40
6.5 Дополнителни информации за високообразовните институции ... 41
6.6 Дополнителни информации за институциите кои работат во областа на стручно образование и обука и полето млади ... 41
6.7 Структура на „Еразмус+" ... 41
7. Вовед во децентрализираните акции на „Еразмус+" ... 42
7.1 Клучна акција 1 - Мобилност на индивидуи во областа на образование, обука и млади ... 42
7.2 Клучна акција 2: Соработка за иновација и размена на добри практики ... 44
7.3 Клучна акција 3 – Поддршка за реформа на политиките ... 46
7.4. Рокови за аплицирање - децентрализирани акции ... 47
7.5 Видови грантови ... 48
7.6 Процедура за одлучување - што откако апликацијата ќе биде поднесена ... 48
8. Централизирани акции ... 49
9. „Жан Моне" ... 51
10. Спорт ... 52

11. Македонски перспективи - програма „Доживотно учење" и програма „Еразмус плус" 52

Втор дел - Методологија на истражувањето ..... 55

1. Предмет на истражување ..... 56
2. Цел и карактер на истражувањето ..... 57
3. Задачи на истражувањето ..... 57
4. Хипотези на истражувањето ..... 58
5. Варијабли на истражувањето ..... 58
6. Методи, техники и инструменти на истражување ..... 59
7. Примерок на истражување ..... 59
8. Обработка на податоците ..... 60

Трет дел – Анализа и интерпретација на релевантна документација и податоци од истражувањето ..... 61

1. Анализа и интерпретација на испитувањето на ефектите од користењето на европската програма „Комениус" врз личниот и професионалниот развој на корисниците .. 62
2. Анализа и интерпретација на испитувањето на ефектите од користењето на европската програма „Грундвиг" врз личниот и професионалниот развој на корисниците ... 68
3. Анализа и интерпретација на испитувањето на ефектите од користењето на европските програми „Комениус" и „Грундвиг" врз институционалниот развој ..... 74

3.1 Анализа и интерпретација на испитувањето на ефектите од користењето на европските програми „Комениус" врз институционалниот развој ..... 75

3.2 Анализа и интерпретација на испитувањето на ефектите од користењето на европските програми „Грундвиг" врз институционалниот развој ..... 79

4. Анализа и интерпретација на податоците од прегледите на искористеност на средства за програмите „Леонардо да Винчи" и „Еразмус" ..... 83

4.1 Анализа и интерпретација на податоците од прегледите на искористеност на средства за програмата „Леонардо да Винчи" ..... 83

4.2 Анализа и интерпретација на податоците од прегледите на искористеност на средства за програмата „Еразмус" ..... 91

Четврти дел – Заклучни согледувања и препораки ..... 99

Заклучни согледувања и препораки ..... 100

Користена литература ..... 103

Интернет извори ..... 106

# Вовед

Концептот за приближување на системот на образование и обука во Република Македонија во правец на системот и стандардите кои се применуваат во Европската унија е од особено значење за македонското општество.

Образованието и обуката имаат есенцијална улога во општеството кое се базира на знаења, имајќи предвид дека тие ја поддржуваат вработеноста и растот преку создавање на висококвалификувана и приспособлива популација во општествата. Социјалната кохезија и активното граѓанство се дополнителни придобивки од образованието и обуката. Зголемувањето на интернационализацијата и соработката, како и охрабрувањето за мобилност и создавање на европска димензија, се главните цели на Европската унија кои треба да се постигнат преку образованието и обуката.

„Република Македонија настојува да биде рамноправен и респектабилен член во европското и светското опкружување и тоа е нејзина трајна ориентација. Таа е цврсто решена да чекори по патеките на современо уредување на државата, каде што образованието и обуката, културата, науката и иновациите претставуваат клучни фактори за добросостојба на нејзините граѓани и јакнење на националната економија"[1].

Вклучувањето на сите институции од областа на образованието и обуката во европските меѓународни програми и проекти индиректно ќе влијае врз подигнувањето на квалитетот на образованието во целост, како и подигнувањето на вработеноста на кадрите кои се подготвуваат за пазарот на трудот.

[1] Национална програма за развој на образованието во Република Македонија: 2005 – 2015, (2005) Скопје, Министерство за образование и наука на Република Македонија.

# Прв дел – Теоретска рамка на истражувањето

# 1. Теоретски пристап кон проблемот

Република Македонија е една од потписничките на „Болоњската декларација“ и воедно земја-кандидат за членство во Европската унија, со што претендира да ги следи европските трендови. Целокупната состојба се однесува и на следење на современите тенденции од областа на образованието и обуката.

Образовната политика на Република Македонија треба да создаде можности за стекнување на соодветно образование за секого и за сите возрасни групи како и да осигури дека тие ќе стекнат знаења и вештини кои се во согласност со барањата на општеството и пазарот на труд преку што воедно е и основната цел на доживотното учење.

Европската унија поддржува широк спектар на активности од областа на образованието и обуката. Образованието и иновациите се најважните ресурси кои ги имаме како на национално така и на европско ниво. Имајќи предвид дека живееме во општество базирано на знаење, пристапноста и квалитетот на европските системи за образование и обука имаат решавачка улога.

Имајќи го предвид горенаведеното, но истовремено водејќи се и од принципите дека треба да се обезбедат повеќе и еднакви можности за младите луѓе во образованието и пазарот на трудот, како и потребата да се поттикнат младите да бидат активни граѓани кои учествуваат во сите сегменти од општествениот живот, сите актери кои дејствуваат во овие области треба да придонесат кон остварување на посакуваните цели.

Како земја-кандидат за полноправно членство, на Македонија ѝ се широко отворени вратите на Европската унија, а достапни ѝ станаа бројни финансиски инструменти со кои Унијата помага за прилагодување на земјата за полноправно и рамноправно вклучување.

Во периодот по 2004 година Република Македонија почнува со низа активности за отворање на можности во сферата на образованието и обуката преку вклучувањето на земјата во Програмите на заедницата. Владата на Република Македонија на 27 декември 2006 година донесе одлука со која се стави приоритет за вклучување во осум Програми на заедницата.

Имајќи ја предвид потребата од вклучување на Република Македонија во програмите на Европската унија, кои се наменети за образование и млади се јавува потреба од основање на Национална агенција. Согледувајќи ги искуствата од земјите членки на Европската унија, како и врз основа на одлуките на Советот на Европа[2],[3] во Република Македонија се основа Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. Основањето на Националната агенција воедно е и еден од основните критериуми, а воедно и предуслов за учество во програмите на Европската унија, односно учество во програмата „Доживотно учење" и програмата „Млади во акција". Концепциската поставеност на програмите предвидува и национално кофинансирање, кое го обезбедува Република Македонија преку реализација на националниот буџет, кој и се доделува на Националната агенција за реализација на одредени активности[4].

Учеството на Република Македонија во програмите на Европската унија насочени во сферата на образованието и обуката, како што е програмата „Доживотно учење" во периодот во кој се имплементира, но и во периодот кој следува по нејзиното завршување и интегрирање на новата програма „Еразмус плус", ќе отворат сериозни перспективи за развој на македонскиот образовен систем.

Овие перспективи за Република Македонија ќе значат зголемување и унапредување на квалитетот на образовните политики и развој на образовниот систем компатибилен со европскиот „простор на образование". Дополнително, преку учеството во образовните програми на ЕУ се очекува корисниците значително да го зголемат личниот и професионален развој, како и отворање на нови развојни перспективи за институциите. Преку обуките и работата во рамките на проектите на образовните програми на ЕУ, учесниците ќе стекнат знаења и ќе развијат современи вештини, кои ќе бидат клучни за трансформацијата на македонскиот образовен систем.

---

[2] Според *Одлука број 1720/2006/Совет на Европа.*
[3] Според *Одлука број 1719/2006/Совет на Европа.*
[4] www.na.org.mk, пристапено на 05.02.2014.

## 2. Европски политики во образованието и обуката

Европските политики во образованието се темелат на повеќе стратешки документи, кои ги носи Советот на Европската унија. Како значаен клучен документ од доменот на Европските политики за образование, претставува работната програма *„Образование и обука 2010"*, која во контекст на Лисабонската стратегија првпат воспоставува солидна рамка за европска соработка на полето на образованието и обуката.

Копенгхашкиот процес и иницијативите во контекст на „Болоњскиот процес" доведоа до остварување на значителен напредок во поддршка на националните реформи на доживотно учење, модернизација на високото образование и развој на заеднички европски инструменти кои промовираат квалитет, транспарентност и мобилност[5].

Европската унија со цел да ја оствари амбицијата да стане најконкурентна и најдинамична економија во светот ја усвои и новата стратешка рамка за европска соработка во образованието и обуката, којашто претставува надградба на работната програма *„Образование и обука 2010"*.

*„Образование и обука 2020"*, опфаќа заеднички стратешки цели на Унијата вклучувајќи и сет на принципи за остварување на овие цели. Таа содржи и заеднички работни методи со определени приоритетни сфери за секој периодичен работен циклус.

Новата стратешка рамка за европска соработка во образованието и обуката *„Образование и обука 2020"*, особено се фокусира на четири стратешки цели:

- доживотното учење и мобилност да станат реалност;
- подобрување на квалитетот и ефикасноста на образованието и обуката;
- промовирање на рамноправност, социјална кохезија и активно граѓанство;

[5] Службен весник на Европската унија 2009/ц119/02 (ЕТ2020)

- зајакнување на креативноста и иновацијата, вклучувајќи претприемништво на сите нивоа на образование и обука"[6].

Врз основа на клучните документи, генералните цели и стратешките цели содржани во нив, Европската унија во 2006 година создава програма на заедницата во областа на „Доживотното учење" – Lifelong Learning Programme[7].

## 3. Дефинирање на европската програма Доживотно учење и нејзиното значење

Водечка програма на Европската унија во периодот 2007-2013 година во областа на образованието и обуката претставува програмата Доживотно учење. Таа им овозможува на луѓето, без оглед на нивната возраст, да ги следат и користат модерните можности за учење во Европа.

Станува збор за програма која во себе интегрира повеќе иницијативи за образование и обука. Програмата „Доживотно учење" е поделена на четири секторски програми и четири трансверзални програми.

Управувањето и имплементирањето на програмата се одвива на две нивоа, и тоа: централизирано управување - од страна на Извршната агенција за образование, аудиовизуелни и културни политики[8], и децентрализирано управување - од страна на Националните агенции во земјите-учеснички во програмата како и земјите во подготвителна фаза. Целосната имплементација на програмата се одвива под надзор на Европската комисија - Генералниот директорат за образование и култура[9].

Во однос на структурата, програмата Доживотно учење содржи таканаречени секторски програми, кои се фокусирани на различни системи на образование:

- *„Комениус"* – која е наменета за училишно и општо образование;
- *„Еразмус"* - која е наменета за високото образование;

[6] Образование и Обука 2020.
[7] DECISION No 1720/2006/EC of the European Parliament and of the Council of 15 November 2006 establishing an action programme in the field of lifelong learning.
[8] Education, Culture and Audiovisual Executive Agency
[9] Оригинал, The Directorate General for Education and Culture

- *„Леонардо да Винчи"* – која е наменета за стручно образование и обука;
- *„Грундвиг"* – која е наменета за образование за возрасни и лица кои се занимаваат со образование за возрасни.

Трансверзалните програми се насочени кон дополнување на секторските програми и промовирање на европска соработка во областа на секторските програми. Трансверзалните програми се поделени на четири клучни активности:

- *Клучна активност 1* - Соработка за политиките и иновација во доживотното учење;
- *Клучна активност 2* - Јазици;
- *Клучна активност 3* - Развој на ИКТ-базирана содржина;
- *Клучна активност 4* - Дисеминација и искористеност на резултатите;

Во рамките на програмата „Доживотно учење" вклучена е и програмата „Жан Моне", која ги поддржува активностите поврзани со европската интеграција, како и институциите кои дејствуваат во областа на образованието и обуката. Освен тоа, програмата настојува да ја интензивира размената, соработката и мобилноста помеѓу образовните центри и центрите за обука во Заедницата.

Според, програмата „Доживотно учење" генерална цел е да се поттикне меѓусебната размена, соработка и мобилност помеѓу системите за образование и обука во Заедницата, за да претставуваат референца за светски квалитет[10].

Дополнително во неа се дефинирани и следните конкретни цели[11]:

1. да се придонесе во развојот на квалитетно доживотно учење и да се промовираат високи остварувања, иновативност и европска димензија во системите и практиките на терен;
2. да се поддржи реализацијата на Европската област за доживотно учење;

[10] Програма „Доживотно учење", Водич за 2010 (интерен документ).
[11] Исто.

3. да се помогне во подобрувањето на квалитетот, атрактивноста и пристапноста на можностите за доживотно учење, кои им се на располагање во земјите-членки;
4. да се зајакне придонесот на доживотното учење за социјалната кохезија, активното граѓанство, меѓукултурниот дијалог, родовата рамноправност и личната исполнетост;
5. да се промовира креативност, конкурентност, погодности за вработување и развој на претприемнички дух;
6. да се придонесе кон зголемено учество во доживотното учење од страна на луѓето од сите возрасти, вклучувајќи ги лицата со специјални потреби и обесправените групи, без разлика на нивното социо-економско потекло;
7. да се промовира учењето јазици и јазичната различност;
8. да се поддржи развојот на иновациски содржини базирани на ИКТ, услуги, педагогија и практики за доживотно учење;
9. да се зајакне улогата на доживотното учење во создавањето на чувство за европско граѓанство, кое се базира на разбирање и почитување на човековите права и демократија и поттикнување на толерантност и почит за народите и културите;
10. да се унапреди соработката во гарантирањето на квалитетот во сите сектори на стручното образование и обука во Европа;
11. да се охрабри најдобрата примена на резултатите, иновациските продукти и процесите и да се разменуваат добри практики на полето кое е опфатено со Програмата за доживотно учење за да се подобри квалитетот на образованието и обученоста.

# 4. Национална агенција за европски образовни програми и мобилност

Имајќи ја предвид потребата од вклучување на Република Македонија во програмите на Европската унија кои се наменети за образование и млади потребно беше основање на Национална агенција. Согледувајќи ги искуствата од земјите-членки на Европската унија како и врз основа на одлуките на Советот на Европа (Одлука број 1720/2006/Совет на Европа) и (Одлука број 1719/2006/Совет на Европа) во Република Македонија беше основана Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. Основањето на Националната агенција воедно е и еден од основните критериуми за учество во програмите на Европската унија, односно учество во програмата „Доживотно учење“ и програмата „Млади во акција“. Програмите во себе предвидуваат и национално кофинансирање кое го обезбедува Република Македонија преку реализација на националниот буџет кој ѝ се доделува на Националната агенција за реализација на одредени активности.

Националната агенција за европски образовни програми и мобилност претставува јавна институција која е формирана со Закон за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност (Службен весник на РМ број 113 од 20.9.2007 година) донесен од страна на Собранието на Република Македонија.

Основата цел на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност е да работи на промоција и имплементација на европските програми во областа на образованието, обуката, истражувањето младите и спортот во Република Македонија.

Националната агенција со остварување на овие програми придонесува во развојот на заедницата како општество засновано на напредно знаење, со одржлив економски развој, повеќе и подобри работни места и поголема социјална кохезија, истовремено обезбедувајќи заштита на средината за

идните генерации, а особено размена, соработка и мобилност во областа на образованието и обуката[12].

Корисници на програмите можат да бидат: ученици, студенти, наставници, професори обучувачи и друг персонал кој е вклучен во било кој дел од образовниот процес, претпријатија и други правни лица вклучувајќи ги и трговските друштва, стопанските комори и други здруженија на правни лица од областа на индустријата, истражувачки центри и тела како и здруженија на граѓани и фондации[13].

Поранешните европски програми „Доживотно учење" и „Млади во акција" во Република Македонија беа имплементирани од страна на Националната агенција во периодот од 2008 – 2013 година во подготвителна фаза, а од 2014 година активностите од акциите во рамките на овие програми преминуваат во новата програма Еразмус +, во која Република Македонија има полноправно учество како програмска земја.

Еразмус + е името на новата програма која ги обединува ЕУ програмите за образование, обука, млади и спорт во периодот 2014-2020.

Националната агенција во 2013 година изврши измени на законската регулатива за основање на агенцијата со што се овозможи зголемување на полето на дејствување на Националната агенција во сите сфери на европските програми

[12] Закон за основање на Национална агенција за европски образовни програми, „Службен весник на РМ" бр. 113 од 20. 9. 2007 година
[13] www.na.org.mk пристапено на 5. 2. 2014

# 5. Програма Доживотно учење

## 5.1 Структура на програмата „Доживотно учење" - децентрализирано управување во Република Македонија

Структурно, програмата „Доживотно учење" содржи т.н. секторски програми[14], кои се фокусирани на различни системи (институции и поединци) на образование:

- *„Комениус"* за училишта;
- *„Еразмус"* за високо образование;
- *„Леонардо да Винчи"* за стручно образование и обука;
- *„Грундвиг"* за образование за возрасни.

## 5.2 „Комениус" – програма за училишно и општо образование

### 5.2.1 Основни податоци за секторската програма „Комениус"

Јан Амос Коменски (John Amos Comenius - 1592-1670) е чешки учител, научник и писател. Тој е еден од најраните творци на универзалното образование, овој концепт е опишан во неговата книга „Дидактика магна" (*Didactica magna).* Тој се смета како еден од основачите на модерното образование. Коменски е познат како татко на нациите.

### 5.2.2 За програмата „Комениус"

По завршување на првиот пилот-проект, кој бил насочен кон создавање на мултилатерално училишно партнерство и се спроведувал во периодот од 1992 година до 1994 година, програмата „Комениус" започнала да се имплементира како акција во рамките на програмата „Сократес" на Европската унија. Повеќе од 35 000 училишта учествувале во училишни партнерства, а во нив активно се вклучиле речиси три милиони ученици и наставници.

[14] http://eacea.ec.europa.eu/llp/about_llp/about_llp_en.php

## 5.2.3 Цели

Насоченоста на секторската програма „Комениус" е кон следниве цели:

- да ја унапреди и да ја квантифицира мобилноста на учениците и училишниот кадар помеѓу земјите-членки;
- да го интензивира и зголеми бројот на партнерства, при што најмалку три милиони ученици ќе се вклучат во партнерски образовни активности до 2013;
- да го охрабри учењето на модерни странски јазици;
- поддршка за развојот на иновативни компјутерски содржини, сервиси и практики во доживотното учење;
- квалитет и европска димензија во образовниот процес;
- да ги унапреди педагошките пристапи и управувачките капацитети во училиштата.

Приоритетните полиња на секторската програма „Комениус" се фокусираат на мотивацијата за учење и учење на методите за учење, подобрување на процесот на учење на јазици, зголемување/подобрување на писменоста, презентирање на науката како атрактивно поле, поддршка на претприемништвото, поддршка за креативноста и иновацијата[15]. Интерес на програмата се и дигиталните едукативни содржини и сервиси, менаџментот на училиштата, насочувањето кон социо-економски предизвици и намалување на бројот на лица кои предвремено го напуштаат образовниот процес, учество во спортски активности, учење во разнообразни групи на ученици и рано и предучилишно учење.

[15] http://eacea.ec.europa.eu/llp/comenius/comenius_en.php

### 5.2.4 Учесници во програмата „Комениус"

- ученици во училишта до крајот на средно образование;
- училишта, според одредбите на земјите-членки;
- учители/професори и останат персонал од училиштата;
- асоцијации, непрофитни организации, невладини организации и претставници на образовни институции;
- лица и институции одговорни за организацијата и реализацијата на образовниот процес на локално, регионално и национално ниво;
- истражувачки центри и институции засегнати со теми блиски на доживотното учење;
- институции за високо образование;
- институции кои даваат насоки, совети и информативни сервиси.

### 5.2.5 „Комениус" акции во Република Македонија

Секторската програма „Комениус" во Република Македонија содржи акции кои промовираат мобилност на индивидуи вклучени во предучилишно, основно и средното образование. Основна цел за овие учесници е да се стекнат со нови знаења, искуства и позитивни практики во областа на нивното секојдневно работење во образовниот систем, како и да се запознаат со своите колеги од другите европски земји со цел да креираат поголеми проекти како одговор на нивните заеднички потреби. Во Република Македонија се имплементираат следниве акции: Подготвителни посети и Обука на работно место.

Категорија на акцијата: **МОБИЛНОСТ**

### 5.2.6 Подготвителни посети

Целта на акцијата е да се помогне на образовните институции, кои имаат право на учество во секторската програма „Комениус“, и кои сакаат да воспостават „Комениус“ училишни партнерства, „Комениус“ регионални партнерства, мултилатерален проект, мрежа или проект за придружни мерки, да запознае соодветни партнер-институции, и да изготви работен план за подготвување на формулар за апликација за проект/партнерство.

Подготвителните посети им овозможуваат на партнерите да ги дефинираат намерите, целите и методологијата на идното партнерство, мултилатерален проект, мрежа и проект за придружни мерки; да се изготви работен план за идното партнерство, мултилатерален проект, мрежа или проект за придружни мерки, вклучително и методи за евалуација, мониторинг и дисеминација; да се пополни формуларот за апликација за заедничко партнерство, мултилатерален проект, мрежа или проект за придружни мерки.

Постојат повеќе видови подготвителни посети и тие можат да имаат некоја од следниве форми:

- посета на партнер-институција, која има право на учество во друга земја-учесничка во програмата „Доживотно учење“;
- учество на контакт-семинар за наоѓање партнери,

**Подготвителна посета на партнерите** - Целта на посетата е партнерите да дискутираат и заеднички да развијат идеја и концепт на планираниот проект, како и нацрт-апликација. Посетите се одржуваат пред крајниот рок за аплицирање. Максималното времетраење на подготвителната посета е пет работни дена, без разлика дали се работи за посета на една или две институции.

**Контакт семинари** - Претставуваат структурно организирани семинари од различни европски национални агенции во текот на една година. Овие семинари на едно место и во исто време ги соединуваат заинтересираните институции кои имаат интерес да учествуваат во секторската програма „Комениус“.

### 5.2.7 Обука на работно место

Акцијата Обука на работно место во друга европска земја претставува работно искуство, учење на странски јазик, менување на добри практики и искуства со училишта од други европски земји, како и стекнување нови образовни методи и пристапи.

Основниот фокус на оваа акција е да се помогне во подобрувањето на квалитетот на училишното образование, со тоа што на кадарот му се дава можност да добие обука во друга земја, освен во земјата во која работат и живеат. На овој начин, учесниците се поттикнуваат да ги подобрат нивните практични вештини и знаења за настава/подучување/советување/менаџмент, а воедно да стекнат поголемо разбирање на училишното образование во Европа. Активноста за обука мора да има силен европски акцент и европски фокус на дадениот предмет и профилот на обучувачи и учесници.

Грантовите овозможуваат професори и други категории на луѓе кои работат во образование да учествуваат во акцијата *Обука на работно место* во траење од најмалку пет работни дена до најмногу шест недели во друга земја, освен во земјата во која работат и живеат. Акцијата се однесува на предучилишното, основно и средно образование.

Обуката се одвива во друга земја која учествува во програмата и мора да биде во форма на:

- Структуриран курс за професионален развој на кадарот од училишното образование, со силен европски фокус во однос на предметот и профилот на обучувачи и наставници, а да трае најмалку пет дена;
- Период на ангажман или набљудување (на пример: учење на работното место по пат на набљудување) во училиште, во индустрија/економија или во релевантна организација вклучена во образованието (на пример: НВО, јавна установа итн.);
- Учество на европска конференција или семинар, организирани од мрежата „Компениус", и мултилатерален проект„Комениус", Националната агенција

или репрезентативната европска асоцијација која е активна во областа на училишното образование.

### 5.2.8 Кој може да аплицира

- наставници (вклучувајќи просветен кадар од предучилишно, основно и средно образование и наставниците во стручното образование т.е. ментори, советници итн.);
- директори, педагози, психолози и административен кадар;
- лица кои се вклучени во меѓукултурно образование, односно работа со деца-мигранти;
- лица кои работат со деца со посебни потреби, како што се дефектолозите;
- лица кои работат со ризични групи ученици како што се социјалните работници, медијатори итн;
- лица кои се вклучени во професионално советување и управување со кариера;
- просветни инспектори;
- невработени и наставници кои учествувале во настава, но повеќе не работат, а кои по некое време сакаат да се вратат во настава;
- други кои се во единство со процената на Националната агенција.

## 5.3 „Грундивиг" – програма за образование за возрасни и лица кои се занимаваат со образование за возрасни

Секторската програма „Грундвиг" обработува теми од областа на општото образование за возрасни. Во согласност со актуелните случувања, потребите за учење, демографските трендови и социо-економските услови во Европа, потпрограмата своето поле на дејствување го насочува кон: подобрување на позицијата на пазарот на трудот (нови квалификации за нови работни места и нови квалификации за старите работни места) и квалитетно исполнување на слободното време и активно стареење. Целни групи се сите

субјекти и институции чии потреби кореспондираат со содржините и активностите на програмата.

### 5.3.1 Основни податоци за секторската програма „Грундвиг"

Николај Фредерик „Грундвиг" (1783-1872) е дански свештеник и писател, основач на нордиската традиција на доживотно учење. Неговиот концепт за народно средно училиште се заснова на идејата дека образованието треба да биде достапно до сите граѓани низ целиот живот и треба да ги вклучува не само знаењето, туку и граѓанската одговорност, личниот и културниот напредок.

### 5.3.2 Цели

Остварувањето на програмската мисија се остварува преку ефектуирање на следните цели на секторската програма „Грундвиг":

- Поттикнување на мобилноста и соработката во областа на образованието за возрасни низ цела Европа;
- Поддршка на лицата од чувствителни и маргинализирани социјални групи, постари лица и тие кои предвремено го напуштиле образованието;
- Поддршка на развојот на иновациски практики и нивен трансфер;
- Поддршка на развојот на иновациски ИКТ-содржини, услуги, педагошки методи и практика за доживотно учење;
- Подобрување на педагошките пристапи и раководењето на организациите.

### 5.3.3 Учесници во програмата „Грундвиг"

Секој поединец, и организација која на некој начин е вклучен во образованието за возрасни, т.е.[16].:

- Ученици во образованието за возрасни;
- Институции и организации кои обезбедуваат можности за учење за возрасни;
- Институции вклучени во обуки за персоналот во образованието за возрасни, институции од високото образование, истражувачки центри и тела засегнати со прашања за образованието за возрасни;
- Ученички и наставнички асоцијации, тела што обезбедуваат водење, советувања и сервиси за информирање;
- Лица и структури одговорни за системи и политики во областа на локално, регионално или национално ниво;
- Претпријатија, непрофитни организации, волонтерски тела, невладини организации.

### 5.3.4 Акции „Грундвиг"во Република Македонија

Во Република Македонија преку секторската програмата „Грундвиг" се отворија акции кои опфаќаат само индивидуални мобилности, односно: обука на работно место, посети и размени и подготвителни посети.

Сите активности кои се преземаат во рамките на горенаведените мобилности треба да имаат исклучително нагласена европска димензија.

[16] http://eacea.ec.europa.eu/llp/grundtvig/grundtvig_en.php

### 5.3.5 Подготвителни посети

Подготвителните посети им овозможуваат на потенцијалните партнери да стапат во контакт и да подготват проект за учество во акциите „Грундвиг": Партнерство за учење, Проект за возрасни волонтери, Проект за мултилатерална соработка, Мрежа или Придружни мерки[17].

Подготвителната посета овозможува:

- Дефинирање на нацрт за иден проект;
- Дефинирање улоги на партнерските институции во идниот проект;
- Развивање деловен план за иден проект, вклучувајќи методи за надзор, проценка и распределба;
- Директна работа на апликацијата за проектот.

### 5.3.6 Обука на работно место

Акцијата Обука на работно место им овозможува на наставниците и на едукаторите во образованието за возрасни да посетат структуриран курс во друга земја-учесничка на Европската унија. Обуката на работно место мора да биде поврзана со професионалните активности на учесниците во областа на образованието за возрасни: формално, неформално и информално. Оваа акција ги покрива следниве области:

- Содржина и методика во наставата во образованието за возрасни
- Пристап до образовните можности за возрасните, особено маргинализираните социјални групи;
- Управување со образованието за возрасни на локално и на национално ниво, администрација, обезбедување квалитет, развивање активности во заедниците итн.;
- Различни аспекти на стратегиите и политиките во образованието за возрасни, вклучително и модели на финансирање, соработка со сродни институции, дефинирање на стандарди итн.

[17] www.na.org.mk

Времетраењето на курсот е од 5 работни дена до 6 недели.

### 5.3.7 Посети и размени

Целта на оваа акција е подигнување на квалитетот на образованието и учењето на возрасните во најширока смисла: формално, неформално и информално учење. Преку посети и размени, вклучените во образованието за возрасни можат да посетат активност која е поврзана со нивната работа во друга земја-учесник во програмата Доживотно учење.

Целта на посетите и размените може да биде:

- Настава во друга организација во образованието за возрасни;
- Изучување на аспекти на образованието за возрасни (содржина и квалитет на наставата, методи за пристап во образованието, администрација и лидерство во организациите, изучување на политиките);
- Job-shadowing (набљудување на сродно работно место и работните задачи во друга земја);
- Посета на конференција или семинар во областа.

Времетраењето на активноста може да биде од 1 ден до 12 недели.

## 5.4 „Леонардо да Винчи“ - програма за стручно образование и обука

Програмата „Леонардо да Винчи“ овозможува соработка во полето на стручното образование и обука. Основни цели на „Леонардо да Винчи“ се првенствено овозможување на организациите кои се поврзани со стручно образование и обука да работат со европски партнери, да вршат размена на најдобрите практики, да ја зголемат стручноста на нивниот персонал, ученици, вработени итн[18]. Затоа и ги поддржува напорите да се направи стручното образование попривлечно за младите луѓе.

[18] http://eacea.ec.europa.eu/llp/leonardo/leonardo_da_vinci_en.php

Стручното образование и обука претставува дел од системот на образованието кој обезбедува индивидуален развој на личноста преку стекнување компетенции, знаења и вештини кои се неопходни за вклучување на пазарот на трудот или продолжување на образованието. Во суштина, стручното образование и обука ги подобрува способностите за вработување и го помага учењето низ животот, обезбедувајќи вештини и знаење за работа.

Програмата „Леонардо да Винчи" е основана во 1995 год. Има за цел постигнување ниво на знаење, вештини и квалификација на луѓето во стручното образование и обука - VET (Vocation Education and Training)[19] системот во Европа. Од 2000 год. започнува втората фаза од Програмата, при што им има помогнато на повеќе од 400 000 луѓе (индивидуи) за да ги реализираат нивните идеи за усовршување во професионалниот живот во друга европска држава.

Ова е добар почеток при вработувањето на учесниците на интернационално ниво, во сè повеќе поврзаниот свет каде што „мобилноста, флексибилноста, јазичните способности и интернационалното искуство" можат да им помогнат на оние кои бараат вработување на пазарот на трудот. „Леонардо да Винчи" е интегрирана како втора секторска програма во програмата „Доживотно учење" (LLP-Lifelong Learning Programme) од 2007 год. и поддржува голем опсег на акции во сегашните 33 држави-членки во Програмата.

## 5.4.1 Основни податоци за програмата „Леонардо да Винчи"

Уметноста на Леонардо да Винчи (1452-1519), неговата научност, познавања од математика, техника, литература и филозофско наследство се инспирација за многумина. Перфектно го рефлектира различниот спектар на способности кои се потребни во стручното образование и затоа е одбрано токму неговото име за оваа европска програма.

[19] VET- стручно образование и обука, понатаму во текстот VET.

### 5.4.2 Цели на програмата „Леонардо да Винчи"

- Да ги поддржи учесниците во обука и во понатамошна обука и употреба на знаењето, а со тоа, способностите и квалификациите да го поддржат личниот развој;
- Подобрување на квалитетот и поддршка на иновацијата во стручното образование и обука во институции и претпријатија;
- Да ја засили атрактивноста на стручното образование и обука, мобилност на вработените, професионалците, учениците и да ја поддржи мобилноста на практикантите (стажантите).

**Оперативни (работни) цели на програмата Леонардо да Винчи:**

- Да ја подобри и да ја зголеми мобилноста на луѓето низ Европа кои се вклучени во стручното образование и обука и во континуирана обука, да се зголеми бројот на стажирања во претпријатијата, за најмалку 80 000 стажанти во година, до крајот на програмата Доживотно учење ( LLP-Lifelong Learning Programme) ;
- Да ја подобри и да ја зголеми соработката меѓу институциите и организациите, фирмите и социјалните партнери и другите релевантни тела низ Европа;
- Поддршка за развивање иновациски практики во полето на стручното образование и обука надвор од терцијарно ниво, вклучувајќи трансфер од една држава во друга;
- Поддршка на транспарентноста и признавањето на квалификациите и знаењата, вклучувајќи ги и оние кои се здобиени преку неформално и информално учење;
- Да ги поттикне учесниците за учење модерни странски јазици;
- Да го поддржи развојот на иновациски компјутерски технологии, пристапи и примени на програмата Доживотно учење ( LLP-Lifelong Learning Programme).

### 5.4.3 Учесници во програмата „Леонардо да Винчи"

Секоја јавна и приватна организација која е вклучена во стручното образование и обука и која е легално регистрирана, може да аплицира за грант за Подготвителна посета и Мобилност во една од државите-учеснички.

Примери на организации кои можат да аплицираат:

- Институции или организации кои обезбедуваат можности за учење во оние полиња кои се покриени од програмата „Леонардо да Винчи";

- Асоцијации и претставници вклучени во стручното образование и обука, вклучувајќи и асоцијации на обучувачи, родители и наставници;
- Компании, социјални партнери и други претставници на работниот живот, вклучувајќи стопански комори и други трговски организации;
- Тела кои обезбедуваат насочување, советување и информациски услуги во однос на кој било аспект од доживотното учење;
- Тела одговорни за системи и политики кои се однесуваат на кој било аспект од доживотното учење, стручното образование и обука на локално, регионално или национално ниво;
- Истражувачки центри и тела зафатени со прашањата за доживотно учење;
- Високообразовни институции;
- Непрофитни организации, волонтерски тела, невладини организации.

### 5.4.4 Акции „Леонардо да Винчи" во Република Македонија

Првенствено, поимот мобилност означува поминат временски период во друга земја-учесник во програмите на подготвителни курсеви или курсеви за повторување на материјали на домашниот или на работниот јазик, со цел да се изведе проучување, да се стекне работно искуство, други активности за учење или предавање или поврзана административна активност.

Проектите за мобилност имаат за цел да го поттикнат развојот на стручните вештини, а воедно да ја охрабрат размената на експертиза преку овозможување на специфичните таргет-групи да преземаат работно искуство или кратка студентска посета кај организација домаќин низ Европа.

***Мобилност „Леонардо да Винчи"***

Леонардо мобилноста е фокусирана на растот на квалитетот и значењето на Стручното образование и обука (ВЕТ) низ Европа. Ова е одлична можност за организациите вклучени во ВЕТ да изградат европски партнерства, да ја зголемат стручноста на своите вработени и да развијат вештини кај учениците.

Постапката за мобилност има цел да ја подобри способноста на работната сила во Македонија преку низа проектни активности. Вие можете да испратите практиканти или луѓе на пазарот на трудот во друга европска земја на работна позиција, со што ќе им се овозможи да добијат вистинско искуство и способности при вработувањето. Професионалците од ВЕТ, исто така, можат да земат учество во привремени сместувања со цел да учат од нивните колеги во други европски земји, за потоа во својата земја да можат да ги пренесат ново здобиените искуства. Проектите за мобилност можат да бидат мали, средни или од големи размери.

**Мобилност**

- -PV – Подготвителни посети;
- -IVT- Почетна стручна обука;
- -PLM- Лица на пазарот на трудот;
- -VETPRO- Професионалци во стручно образование и обука.

Важно е да направите разлика помеѓу проекти и престој:

Проект: Се однесува на проектите за мобилност и вклучува различен број активности: Организација и менаџмент, подготовка, мониторинг, евалуација, дисеминација на резултати и самиот престој.

Престој: Се однесува само на временскиот период кога учесникот поминува во друга европска земја.

## 5.4.5 Подготвителни посети

Подготвителните посети им дозволуваат на потенцијалните партнери да се сретнат со цел:

- Дефинирање на предметот, целите и методологијата за иден проект
- Дефинирање улоги на партнерите, нивни задачи и одговорности во идниот проект
- Развивање на деловен план за иден проект, вклучувајќи методи за надзор, проценка и распределба
- Комплетирање на апликацијата за проектот

### 5.4.6 Почетна стручна обука

Акцијата ја поддржува транснационалната мобилност на лицата кои поминуваат низ почетно стручно образование и нивната обука е поделена е на две под групи:

- Мобилност на практиканти;
- Мобилност на луѓе во почетна стручна обука базирана на училишта.

Транснационалната мобилност во почетната стручна обука се состои од период на стручна обука и/или работно искуство на учесници (стажанти, ученици, тренери итн.) во претпријатие или институција за обука во друга земја која учествува во програмата. Доколку обуката се одвива во институција за обука, треба јасно да се дефинира поврзаноста со практичното искуство и потребите за обука на учесникот. Учесниците во проектите за мобилност мораат да бидат државјани на Република Македонија.

### 5.4.7 Лица на пазарот на трудот

Корисници на акцијата - лица на пазарот на труд (PLM) може да бидат: работници, самовработени или лица кои се погодни за вработување (вклучително дипломци), кои поминуваат период на обука во странство во контекст на стручно образование. Акцијата во рамките на проектот овозможува соработка помеѓу институцијата која испраќа и организациите домаќини, како што се институциите за обука, училишта за стручно образование и обука или претпријатија. Ангажманот за обука се состои од период на стручна обука и/или работно искуство на учесникот во партнер организација во друга земја. Ако обуката се одвива во институција за обука, треба јасно да се дефинира поврзаноста со практичното искуство и потребите за обука на учесникот. Обуката се смета за период на професионална обука и/или работно искуство, преземено од еден учесник во партнерска организација во друга земја-учесник.

### 5.4.8 Професионалци во стручно образование и обука

Корисници на акцијата - професионалци во стручното образование и обука може да бидат: професионалци во стручно образование и обука како што се: наставници, обучувачи, тутори практиканти, кадар кој работи во стручното образование, советници за водство, лицата одговорни за установи за обука, за планирање на обуки, професионално водство во претпријатијата, менаџери за човечки ресурси во претпријатијата.

Акцијата дава специфичен приоритет на развојот на компетентноста на наставниците, тренерите и туторите. Оваа акција за професионалци во стручното образование и обука се фокусира на трансферот, подобрувањето и подновата на компетентноста и на иновациските методи и вежби на полето на професионалната обука. Исто така, може да вклучи и професионално учење јазик од страна на професионалците. Со помош на оваа акција, поединци обучувачи, наставници или други лица кои се одговорни за прашања од стручната обука, ќе имаат можност да ги разменуваат своите искуства со соработници од другите земји.

## 5.5 Програма „Еразмус", програма за мобилност во високото образование

Европската комисија ја лансираше програмата „Еразмус" во 1987 година, и оттогаш повеќе од 1,5 милиони студенти и професори учествувале во размени преку програмата „Еразмус". Програмата се дефинира како програма која ја поттикнува мобилноста на студентите и на наставните кадри и европската соработка, вклучувајќи високообразовни институции и други клучни актери во економијата што е базирана на знаење.

Од 2007 година програмата „Еразмус" е вклучена во програмата „Доживотно учење" на Европската комисија. Учеството во програмата „Еразмус" подразбира исполнување на низа критериуми. Најважните критериуми се отворање на

Национална агенција која ќе биде одговорна за децентрализирано управување со програмата на национално ниво, како и отворање на истоимени канцеларии, „Еразмус" канцеларии на универзитетско ниво. Понатаму, за да можат да користат средства од „Еразмус", заинтересираните високообразовни институции од Република Македонија треба да аплицираат и да станат носители на универзитетска повелба „Еразмус".

Потпрограмата „Еразмус" им нуди на учесниците различни можности за образование, обука, настава, меѓународна соработка и развој на меѓународни проекти и иницијативи. Целта на програмата е да промовира меѓународна соработка на лица и да ја зголеми соработката помеѓу различните организации вклучени во високото образование во Европа.

## 5.5.1 Основни податоци за програмата „Еразмус"

Името „Еразмус" е акроним од "European Community Action Scheme for the Mobility of University Students"

## 5.5.2 Цели

Програмата „Еразмус" е двигател на модернизирањето на високото образование во Европа и која го инспирираше воспоставувањето на процесот „Болоња". Генералната цел на програмата е да креира European Higher Education Area и да промовира иновативност низ Европа.

Оперативни цели на програмата „Еразмус" се:

- Зголемување на мобилноста на студенти и наставен кадар до 3 милиони мобилности до 2012 година;
- Зголемување на можностите за развој и трансфер на иновации во високото образование;
- Јакнење на соработката меѓу високообразовните институции во Европа;
- Јакнење на соработката меѓу владиниот и образовниот сектор;

- Зголемување на прегледноста и компатибилноста на квалификациите во високообразовните институции;
- Развој на иновациски содржини кои се темелат на информациски-комуникациски технологии, развој на услуги, педагошки начела и примени важни за доживотното учење.

Академската мобилност која ја овозможува програмата „Еразмус" им овозможува на индивидуалците можности за студирање, работа и живот во различни академски, културни и општествени околности. Како резултат на тоа, мобилните личности ги зголемуваат своите можности за вработување, т.е. ја зголемуваат нивната конкурентност на пазарот, се зајакнува општествената свест на поединците и се зголемува прагот на толеранција, како и свеста за потребата за борба против секакви видови дискриминација.

### 5.5.3 Учесници на програмата „Еразмус"

Во секторската програма „Еразмус" можат да учествуваат само институции од високото образование кои се носители на универзитетска повелба „Еразмус".

Повелбата е пишан документ кој го издава Извршната агенција за образование, аудиовизуелни политики и култура, кој ги опишува минималните барања кои високообразовните институции треба да ги исполнат за да можат да се вклучат во сите активности во рамките на програмата „Еразмус". Без универзитетски повелба Еразмус не е возможно да се учествува во некои од активностите на Еразмус.

Повелбата гарантира високо ниво на квалитет во мобилноста и соработка преку одредување на фундаментални принципи кои институциите коишто учествуваат во програмата мора да ги почитуваат и применуваат за сите акции „Еразмус".

Постојат два вида на универзитетски повелби „Еразмус": Стандардна и продолжена универзитетска повелба. Стандардната повелба е само за високообразовни институции кои аплицираат за учество во студиски престои „Еразмус", а продолжената универзитетска повелба (Extended University Charter) е за

високообразовни институции кои аплицираат и за организација на можности за стажирање.

Универзитетската повелба се состои од два дела: првиот, формален дел, содржи прашања за бројот на студенти при универзитетот, персонал, факултети и насоки, курсеви итн. и втор дел, Erasmus Policy Statement, наративен дел во кој високообразовните институции треба да докажат дека се способни да примаат и да испраќаат студенти. Се доделува за една година или за целото траење на програмата, т.е. до 2013 година. Повелбата може да се одземе во случај на сериозно прекршување на одредбите.

Постапката на доделување на универзитетска повелба „Еразмус" е во надлежност на Извршната агенција за образование, аудиовизуелни политики и култура ( Education, Audiovisual and Culture Executive Agency), која е лоцирана во Брисел.

Секоја година се објавува посебен повик за пријавување за повелбата „Еразмус". Високообразовните институции треба да поднесат онлајн апликација за универзитетска повелба „Еразмус" до Европската комисија. Институциите исто така треба да испратат два печатени и потпишани примероци од апликацијата (со оригинален потпис) до Европската комисија и еден примерок до Националната агенција. Онлајн (електронската верзија) на апликацијата може да се преземе од веб-страницата на Извршната агенција на Европската комисија http://eacea.ec.europa.eu/llp/erasmus/euc_en.html.

Успешните апликанти добиваат универзитетска повелба „Еразмус" потпишана од Европската комисија. Освен тоа што повелбата им дава право на универзитетите да учествуваат во „Еразмус", ги дефинира и фундаменталните принципи на „Еразмус" и условите и регулативите кои универзитетите-учесници мора да ги почитуваат при спроведувањето на активности „Еразмус".

### 5.5.4 Акции од програма„ Еразмус“ во Република Македонија

Во Република Македонија децентрализирани акции на секторската програмата „Еразмус“ кои ги имплементира Националната агенција се: Мобилност за студенти и Мобилност на наставен кадар.

### 5.5.5 Мобилност на студенти

Мобилност на студенти „Еразмус“ како европска програма за соработка во полето на високото образование нуди можност студентите да поминат дел од нивните студии или практична работа во некоја од земјите кои учествуваат во програмата (мобилност од Република Македонија може да се оствари исклучиво кон некоја од земјите-членки на Европската унија).

### 5.5.6 Мобилност на наставен кадар

Мобилност на наставен кадар - програмата „Еразмус“ нуди за наставниот персонал кој е ангажиран во високообразовна институција носител на универзитетска повелба „Еразмус“, можност за наставен ангажман во партнерска институција„Еразмус“, која исто така е носител на универзитетска повелба „Еразмус“.

# 6. Програма „Еразмус плус“2014-2020

## 6.1 За ЕРАЗМУС+

Програмата „Еразмус+“ е нова програма на Европската унија во областа на образованието, обуката, младите и спортот за периодот 2014-2020 година. Во оваа програма се обединуваат сите програми на Европската унија кои се спроведуваа во периодот 2007-2013: програмата Доживотно учење, Млади во акција, Еразмус Мундус, Темпус, Алфа, Едулинк, како и програмата за соработка со индустријализираните земји, со што се создава поголема синергија помеѓу

различните области на образованието, обуката и младите[20]. Има за цел поттикнување на развојот и зголемување на вработеноста на корисниците и граѓаните на Европската унија.

„Еразмус+" се надоврзува на искуството и успехот на постојните програми, но се очекува да има значително поголемо влијание. Се темели исклучиво на претпоставката дека вложувањето во образованието и обуката се клучни за развивање на потенцијалите независно од возраста или искуството. Еразмус+ има за цел подигнување на квалитетот и важноста на квалификациите и вештините. Две третини од средствата во рамките на Еразмус+ ќе бидат издвоени за стипендии за студирање, оспособување, работа и волонтирање во странство за 4 милиони лица (во однос на 2,7 милиони лица во периодот 2007-2013). Периодот поминат во странство може да варира од неколку дена до една година.

Еразмус+ е лансирана во време кога приближно шест милиони млади луѓе во ЕУ се невработени – во некои земји и над 50%. Во исто време постојат преку два милиони работни места и речиси третина од работодавачите известуваат за тешкотии во вработувањето на лица со потребните вештини. Ова укажува на голем гап во вештините во Европа. Еразмус+ ќе го адресира овој гап преку овозможување на луѓето да учат, обучуваат, стекнуваат работно искуство или волонтираат во странство.

Квалитетот и релевантноста на организациите и системите на образование, обука и млади ќе биде подигнат преку поддршка на подобрувањето на наставата и методите за учење, нови курикулуми, и професионален развој на образовниот кадар и младинските работници, вклучително преку подобра соработка помеѓу образованието и работата.

Повеќе од 4 милиони млади луѓе, студенти и возрасни ќе добијат искуство и вештини за учење, тренинг или волонтерство во странство преку Еразмус+. Оваа програма ќе поддржи повеќе од 125.000 институции и организации да работат со соработници во други земји за да ги иновираат и модернизираат практиките за

[20] http://ec.europa.eu/programmes/erasmus-plus/discover/index_en.htm

учење и младинска работа[21]. Заедно, тие ќе помогнат да се обезбедат младите и возрасните да се здобијат со вештини кои се потребни за да се успее во денешниот свет.

Слика бр.1: Структура на Еразмус+



[22]

Еразмус+ ќе овозможи 14,7 милијарди € (евра) за седум години во поддршка на образованието, обуката, младите и спортот, и тоа[23]:

- Можности за студирање, обука, стекнување со работно искуство или волонтирање во странство.
- Вработените во секторите образование, обука и млади да подучуваат или учат во странство.
- Развој на дигитално образование и употреба на ИКТ.
- Учење јазици.
- Препознавање на вештините, вклучувајќи ги и оние стекнати надвор од формалниот образовен систем.

[21] http://ec.europa.eu/programmes/erasmus-plus/index_en.htm
[22] http://ec.europa.eu/programmes/erasmus-plus/discover/key-figures/index_en.htm
[23] Исто

• Стратешки партнерства помеѓу образовните институции и младински организации со соработници во други земји вклучително во нивниот сектор и во други сектори, со цел да се поттикне подобрување на квалитетот и иновативноста.

• Алијанси на знаење и Алијанси на вештини по сектори, со цел да се адресираат јазовите во вештини и да се поттикне претприемништвото преку подобрување на курикулумот и квалификациите преку соработка помеѓу полињата на работа и образование.

• Заем кој им овозможува на студентите на последипломски студии да ги финансираат нивните студии во друга земја.

• Настава и истражување за европската интеграција.

• Размени, соработка и градење капацитети во високото образование и младинскиот сектор низ целиот свет.

• Иницијативи за поттикнување на иновацијата во педагогијата и прогресивна реформа на политиките на национално ниво преку Перспективните иницијативи.

• Добро управување во спортот и иницијативи против местењето натпревари, допингот, насилството, расизмот и нетолеранцијата, особено на аматерскиот спорт.

Покрај универзитетите и другите образовни институции, иновациски партнерства можат да бидат финансирани првпат во: т.н. „Алијанси на знаење" и „Алијанси на секторски вештини", кои ќе изградат синергија помеѓу образованието и работната околина преку овозможување високообразовните институции, обезбедувачите на обуки и компаниите да ги промовираат претприемништвото и иновацијата и да развијат нови курикулуми и квалификации со цел да се покрие недостатокот на вештини.

Во спортот фокусот ќе биде ставен на транснационални проекти кои ќе поддржат локален спорт и ќе се соочат со прекугранични предизвици, како местењето на натпревари, допингот, насилството и расизмот, како и промоција на

добро управување, родова еднаквост, социјално вклучување и физичка активност за сите.

## 6.2 Генерални цели на Еразмус+

Еразмус+ ќе придонесе кон остварување на: [24]

- Целите на стратегијата Европа 2020,
- Целите на стратешката рамка за европска соработка во полето на образованието и обуката,
- Одржлив развој на партнерските земји во полето на високото образование,
- Генералните цели во развој на обновената рамка за европска соработка во областа млади,
- Целта за развој на европската димензија во спортот, особено во аматерскиот спорт, во однос на планот на ЕУ за спорт,
- Промоција на европските вредности во согласност со член 2 од Спогодбата за Европската унија.

## 6.3 Структура и распределба на буџет за Еразмус+

[24] http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A32013R1288&qid=1395671967554

Графикон бр. 1: Распределба на буџетот по полиња[25]




Графикон бр. 2: Преглед на буџетот по акции[26]




Графикон бр. 3: Преглед на буџетот за образование и обука по сектори[27]

[25] http://ec.europa.eu/programmes/erasmus-plus/discover/key-figures/index_en.htm
[26] Исто




## 6.4 Кој може да учествува

„Еразмус+" е отворена за студенти, млади, ученици во стручно образование и обука, образовни работници, волонтери, лица кои работат со млади и лица кои работат во аматерските спортови. Програмата нив ќе ги вклучи преку организации, институции, тела или групи кои работат во областа на образование, обука и млади. Програмата „Еразмус+" претпоставува **институционален пристап** во аплицирањето, зошто на тој начин ефектите од стекнатото искуство и знаење од проектот се пренесуваат на поширок круг луѓе. Апликации на физички лица не се прифатливи.

Нив исто така ќе им бидат на располагање и средства за партнерства помеѓу образовните установи, организации за млади, претпријатија, локални и регионални тела и невладини организации, како и поддршка на реформи и модернизација на образовните системи и промоција на иновации, претприемништво и вработеноста. Конзорциуми, организации координатори и групи можат да поднесат една апликација во името на одреден број организации.
Програмата „Еразмус+" е отворена за учество во следните земји[28]:

[27] http://ec.europa.eu/programmes/erasmus-plus/discover/key-figures/index_en.htm
[28] http://ec.europa.eu/programmes/erasmus-plus/documents/erasmus-plus-programme-guide_en.pdf

- 28 земји-членки на Европска унија
- ЕФТА/ЕЕА земји: Исланд, Лихтенштајн, Норвешка
- Земји-кандидатки за членство во ЕУ: Турција, Македонија
- Швајцарија.

## 6.5 Дополнителни информации за високообразовните институции

Пред да аплицираат, високообразовните институции треба да добијат универзитетска повелба „Еразмус" (Erasmus University Charter). Крајниот рок за аплицирање за учебната 2014/15 веќе е поминат, институциите ќе можат да учествуваат за учество во рамките на наредниот повик.

## 6.6 Дополнителни информации за институциите кои работат во области на стручно образование и обука и полето млади

За да можат да аплицираат во одредени акции, институциите кои работат во областа на стручното образование и обука и полето млади, ќе треба да бидат акредитирани.

## 6.7 Структура на „Еразмус+"

**Клучна активност 1**: Мобилности за учење на индивидуи

- Мобилност за учење во полето на образование, обука и млади
- Настани од широки размери - европски волонтерски сервис
- Заеднички дипломи
- Гаранции за заеми за последипломски студии

**Клучна активност 2:** Соработка за иновации и размена на добри практики

- Стратешки партнерства во полето на образование, обука и млади
- Алијанси на знаење
- Алијанси на вештини по сектори
- Градење капацитети во полето млади.

**Клучна активност 3:** Поддршка за реформи во политиките

- Состаноци помеѓу млади луѓе и донесувачи на одлуки во полето млади

# 7. Вовед во децентрализираните акции на „Еразмус+"

Националната агенција за европски образовни програми и мобилност е надлежна за спроведување на децентрализираните акции на програмата во Република Македонија. Повикот за предлог-проекти, приемот на апликациите, спроведување на постапката за одлучување, договорната фаза и следењето на проектниот циклус како и известувањето се спроведува Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.

## 7.1 Клучна акција 1 - Мобилност на индивидуи во областа на образование, обука и млади

Корисниците на програмата „ЕРАЗМУС+" кои ќе се одлучат за аплицирање во клучната акција 1, ќе имаат можност да аплицираат за една од следните акции:

- Мобилност на студенти и вработени во полето на високо образование;
- Мобилност на ученици и вработени во стручно образование и обука;
- Мобилност на вработени во училишно образование;
- Мобилност на вработени во образование за возрасни;
- Мобилност за млади луѓе и младински работници.

Од акциите кои се поддржани во рамките на оваа клучна акција се очекува да донесат позитивни и долготрајни ефекти на учесниците и организациите-учесници кои ќе бидат инволвирани, со што ќе се подобрат и нивните системски политики.

Што се однесува до учениците, студентите, обучувачите, чираците, млади лица и волонтери - од оваа клучна акција се очекува да резултира со:

- Подобрени можности за учење;

- Зголемена вработеност и усовршени просперитети за градење кариера;
- Зголемено чувство за покренување иницијативи и претприемнички дух;
- Зајакнување на самодовербата;
- Зголемување на јазичните компетенции;
- Поактивно учество во општеството;
- Подобрување на меѓукултурната свест;
- Зголемување на свеста за значењето на европските проекти и нивната вредност на европско ниво;
- Мотивирање за продолжување на образованието во иднина (формално или неформално) како и на обуките, по завршување на мобилноста.

Што се однесува до вработените лица, младинските работници и професионалците кои се вклучени во образование, обука и млади - од оваа клучна акција се очекува да резултира со:

- Подобрени компетенции поврзани со нивните професионални профили (настава, обука, работа со млади лица итн.) ;

- Проширување на спектарот на знаење во областа на практика, политики и системи во образованието, обуката и младите меѓу државите;
- Зголемен капацитет за предизвикување промени во однос на модернизација и меѓународно отворање во рамките на нивните организации;
- Зголемено разбирање на меѓусебните врски помеѓу формалното и неформалното образование, стручното образование и обука и пазарот на труд;
- Зголемување на квалитетот на нивната работа и активност во полза на студентите, учениците, практиканти, чираци, возрасни ученици, млади лица и волонтери;
- Заедничко разбирање и одговорност кон социјалната, јазична и културна одговорност;

- Значително зголемена способност да се одговори на барањата на лица со посебни потреби;
- Зголемена поддршка и промоција за активности поврзани со мобилноста за индивидуи;
- Повеќе можности за професионален кариерен развој;
- Подобрување на компетенции за странски јазици;
- Зголемена мотивација и задоволство од дневната работа.

Што претставува **проект за мобилност**?

**Проект за мобилност** претставува можност за вклучените лица да поминат одреден период во странство во обука, настава, практична работа или набљудување на работно место.

Еден проект за мобилност се состои од неколку фази:

1. Подготовка (вклучувајќи ги практичните ангажмани со организација на мобилноста, избор на учесници, договори со партнерот и учесниците, јазична, културолошка подготовка на учесниците пред заминување на мобилност)
2. Спроведување на мобилноста
3. Следење на активностите (вклучувајќи ја евалуацијата, дисеминација и искористување на резултатите од проектот)

Времетраењето на овие проекти може да биде од два месеца до две години, во зависност од полето во кое се аплицира.

Важна иновација воведена во „ЕРАЗМУС+" претставува развојот на јазичните компетенции на учесниците пред вршење на мобилноста и за време на самата мобилност – престојот во странство. Ќе биде воведена европска рамка за поддршка која ќе се одвива онлајн, при што ќе се оценуваат постигнатите знаења добиени за време на јазичната подготовка.

## 7.2 Клучна акција 2: Соработка за иновација и размена на добри практики

Стратешки партнерства во полето на образование, обука и млади се проекти на соработка кои им овозможуваат на организациите да го подобрат своето работење, да разгледуваат прашања од заеднички интерес и да споделуваат иновациски практики. Во програмата „Еразмус+", една организација ќе го води проектот и ќе менаџира со активностите и финансиите во име на партнерството. Различни големини на партнерства се можни за да можат да се вклучат и помалите организации.

Стратешките партнерства нудат можност на организациите кои се активни во областа на образованието, обуката и младите како и претпријатија, јавните тела, организации на граѓанското општество кои се активни во различни социјално-економски полиња да направат соработка со цел да имплементираат иновациски практики кои ќе резултираат со висококвалитетна настава, обука, младинска работа како и институционална модернизација.

Следниве активности се поддржани преку стратешки партнерства:

- Активности кои ја зајакнуваат соработката помеѓу организации кои имаат цел да воспостават размена на практики;
- Активности кои промовираат развој и иновациски практики во полето на образование, обука и млади;
- Активности кои го олеснуваат признавањето и препознавањето на знаењето, вештините и компетенциите преку формално и неформалното учење.
- Активности преку соработка на регионални тела;
- Транснационални активности кои ги поттикнуваат претприемачките вештини, кои го поддржуваат активното граѓанство и претприемништво.

Како општо правило, стратешките партнерства се фокусирани на соработка меѓу организации кои се основани во програмските земји. Во секој случај, организации во партнерски земји можат да земат учество во стратешките партнерства, но само како партнери, не како апликанти и доколку нивната вклученост како партнер е од исклучителна вредност за проектот.

Кои се можностите?

• Проекти кои се фокусираат на секторска и меѓусекторска соработка

• Проекти кои се однесуваат на работа со индустрија

• Билатерални и мултилатерални партнерства, зависно од секторот

• Воведување на иновациски активности

• Флексибилност во однос на активностите и партнерите

## 7.3 Клучна акција 3 – Поддршка за реформа на политиките

Поддршка на реформата на политиките ги покрива сите типови активности кои се насочени кон поддршка и олеснување на модернизацијата на системите во образованието и обуката.

Структурниот дијалог како акција поддржува состаноци помеѓу млади луѓе и оние кои носат одлуки во полето на млади. Овој тип на дијалог поддржува проекти кои опфаќаат состаноци, конференции, консултации и настани. Овие активности го промовираат активното учество на младите луѓе во демократскиот живот на Европа како и нивната соработка со лицата кои се креаторите на одлуки. Како резултати од овие настани/активности, младите луѓе ќе имаат можност да им биде слушнат гласот за тоа како младинските политики треба да бидат креирани и имплементирани на ниво на Европа.

Во проектите од Младинскиот структурен дијалог ќе бидат олеснети дискусиите помеѓу креаторите на политиките за млади и младите луѓе на одбрани теми. Овој тип на проекти е базиран на постојната Акција 5.1 од Млади во акција програмата „Средби на млади луѓе и на оние одговорни за младинската политика".

**Кои се можностите?**

• Национални младински состаноци

• Транснационални младински семинари

## 7.4. Рокови за аплицирање - децентрализирани акции

Во согласност со правилата на програмата „Еразмус плус", кои се детално опишани во Програмскиот водич за имплементација на програмата „Еразмус" плус[29] за сите акции се определуваат посебни термини (рокови) за аплицирање во Националните агенции како и во Извршната агенција што е надлежна за централизирано управување со Програмата. Во табелите кои следуваат се наведени генералните рокови за аплицирање во сите полиња.

**Клучна Акција 1**

Табела бр. 2

| | |
|---|---|
| Мобилност на индивидуи во областа на образование, обука и млади (сите)[30] | 17 март 2014 |
| Мобилност на индивидуи само во областа на младите | 30 април 2014 |
| | 1 октомври 2014 |

**Клучна Акција 2**

Табела бр. 3

| | |
|---|---|
| Стратешки партнерства во областа на образование, обука, мобилност и млади (сите)[31] | 30 април 2014 |
| Стратешки партнерства само во областа на младите | 1 октомври 2014 |

**Клучна Акција 3**

Табела бр. 4

| | |
|---|---|
| Состаноци помеѓу младите луѓе и носители на одлуки во областа на младите[32] | 30 април 2014 |
| | 1 октомври 2014 |

[29] http://ec.europa.eu/programmes/erasmus-plus/documents/erasmus-plus-programme-guide_en.pdf
[30] http://www.na.org.mk/index.php/mk/novosti-detalna/items/povik-erasmusplus.html
[31] Исто
[32] Исто

## 7.5 Видови грантови

Грантот може да биде секој од подолунаведените типови:

- *Грант како специфициран дел од подобните трошоци*: на пример износ доделен во рамките на Стратешки партнерства со цел да се покријат трошоците поврзани со учество на лица со посебни потреби,
- *Грант врз основа на единица трошок*: на пример износ што се доделува за индивидуална поддршка во рамките на проектите за мобилност во областа на образование, обука и млади,
- *Паушален износ*: на пример, износ што се добива со цел спроведување на комплементарни активности во проектите „Жан Моне“,
- *Финансирање врз основа на рамна стапка:* износ за покривање на индиректните трошоци за профитните спортски настани.
- *Комбинација на горенаведените.*

Финансискиот механизам применет во програмата „Еразмус+“ во поголемиот број случаи овозможува грантови базирани на единица трошок. На тој начин се олеснува начинот на кој се пресметуваат потребните буџетски ставки при подготовката на буџетот и се олеснува начинот на известување по грантовите.

## 7.6 Процедура за одлучување - што откако апликацијата ќе биде поднесена

Сите апликации кои се примени во НАЕОПМ ќе подлежат на процедура на проценка. Ова подразбира:

- Формална проверка со цел да се потврди дека критериумите за подобност и исклучување се задоволени;
- Проценка на квалитетот: се евалуира до кое ниво институциите учеснички се во согласност со критериумите за избор и дека проектот е во согласност со критериумите за доделување. Процената на квалитетот во најголем број случаи се врши со поддршка на независни експерти.

Во одредени случаи се спроведува и:

- Верификација на условите под кои може да биде доделен грантот;
- Верификација спроведена во соработка со други национални агенции или ЕАЦЕА, со цел да се потврди дека не постои ризик за двојно финансирање.

НАЕОПМ ќе формира Селекциски комитет. Врз основа на процената спроведена од евалуаторите, Селекцискиот комитет ќе формира листа на предлози за финансирање.

На крајот на оваа процедура, директорот на НАЕОПМ ќе донесе конечна одлука за доделување на грант и тоа врз основа на:

- Листата на предлог-проекти доставена од страна на Селекцискиот комитет;
- Расположливиот буџет за конкретната акција.

## 8. Централизирани акции

Извршната агенција за култура, аудиовизуелни политики и култура лоцирана во Брисел, Белгија, е надлежна за спроведување на децентрализираните акции на програмата во Република Македонија. Повикот за предлог-проекти, приемот на апликациите, спроведување на постапката за одлучување, договорната фаза и следењето на проектниот циклус како и известувањето се спроведува од Извршната агенција за култура, аудиовизуелни политики и култура.

*Клучна Акција 1:*

- Заем за последипломски студии – скица за гаранција

Студентите од после дипломски студии кои сакаат да го комплетираат своето образование во друга програмска земја можат да аплицираат за заем за придонес кон нивните трошоци. Оваа алатка ќе биде воспоставена со поддршка на Групата на Европската инвестициска банка.

- Последипломски студии – заеднички дипломи

Заедничките дипломи се спроведуваат од страна на интернационален конзорциум на високообразовни институции – и каде што е релевантно – други образовни /необразовни партнери со специфична експертиза во областа на

студирање покриена со заедничката програма. Посебниот рок за аплицирање за постдипломски студии - заеднички дипломи е 27 март 2014.

- Настани од големи размери - Европски волонтерски сервис.

Оваа акција поддржува големи проекти кои вклучуваат најмалку 30 волонтери во рамките на европските или светски настани. Приоритет ќе им биде даден на проектите кои се однесуваат на два или повеќе приоритети на програмата „Ерасмус+“. Посебниот рок за аплицирање за Настани од големи размери - Европски волонтерски сервис е 3 април 2014 година.

*Клучна акција 2:*

• Алијанси на знаења

Целта на Алијансите на знаење е да го зајакнат европскиот капацитет за иновација во високото образование преку двонасочен процес на размена на знаење со компаниите во поширока социо-економска средина. Тие спроведуваат кохерентен сет од поврзани активности преку транснационални структурирани партнерства, кои вклучуваат максимум шест организации од најмалку три програмски земји, од кои минимум две треба да се високообразовни институции и минимум две компании.

• Алијанса на вештини по сектори

Алијансата на вештини по сектори е акција која е креирана врз основа на трендовите во одредени економски сектори и потребните вештини во едно одредено или се опфатени повеќе полиња. Овие транснационални проекти се дизајнирани да резултираат со заеднички стручни програми за обука како и со методолошки обуки. Посебен фокус е ставен на работа базирана на учење и обезбедување на вештини за учесниците кои би биле корисни на пазарот на трудот.

Во однос на активностите Алијанси на знаења и Алијанси на вештини по сектори во Водичот за имплементација на програмата „Еразмус плус", рокот за поднесување апликација е 3 април 2014 година.[33]

• Градење на капацитети во полето на млади

Проекти од градење на капацитетите во полето на млади претставуваат транснационални проекти базирани на мултилатерални партнерства помеѓу организации активни во полето на млади во програмски и партнерски земји. Може да се вклучат и организации од полето на образование и обука како и од други социјално-економски сектори. Партнерските земји кои би можеле да земат учество се земјите од светот, но тука не се вклучени партнерските земји соседи на ЕУ.

За Градење на капацитети во областа на младите, рокот за поднесување апликација е 2 септември 2014 година.[34]

*Клучна акција 3:*

• Знаења во областа на образованието, обуката и младите

• Потенцијални иницијативи

• Поддршка на европските политички алатки

• Соработка со меѓународни организации

• Дијалог со заинтересирани страни, политики и промоција на програмата

## 9. „Жан Моне"

Активностите „Жан Моне" се однесуваат на поддршка на светскиот квалитет при Европските интегративни студии. „Жан Моне" обезбедува поддршка и финансирање на академските институции, други здруженија, активни во областа на студиите за европска интеграција со цел да се промовира квалитет на студиите за европска интеграција во високото образование.

Што е отворено?

• „Жан Моне"-катедри

• „Жан Моне"- академски модули

[33] Исто
[34] Исто

• Центри за квалитет „Жан Моне“

• Мрежи „Жан Моне“

• поддршка за институции и асоцијации „Жан Моне“-

• Проекти „Жан Моне“

• Креирање на бренд „Жан Моне“

## 10. Спорт

Ќе се обезбеди поддршка за организациите кои се активни во полето на спорт за справување со прекугранични закани за интегритетот на спортот (допинг, местење на натпревари, насилство, нетолеранција, дискриминација), кои го промовираат доброто владеење и обезбедуваат еднаков пристап до спортот.

**Кои се можностите?**

• Партнерства за соработка во полето на спортот

• Непрофитни европски спортски настани

• Активности за зајакнување на креирањето на политиките во спортот

• Дијалог со релевантните заинтересирани страни на европско ниво

## 11. Македонски перспективи - програма „Доживотно учење“ и програма „Еразмус плус“

Република Македонија гради национална политика во областа на образованието и обуката, но истовремено се стреми и кон современите европски трендови во образованието и има за цел приклучување кон европскиот простор на образование.

На национално ниво во Република Македонија, политиките во образованието се темелат на стратешки документи кои имаат за цел да ги постават правците во кои треба да се движи образовниот систем и образовните политики.

*Националната програма за развој на образованието 2005 – 2015 година* е насочена кон ефикасни интервенции во следните стратешки области:

- Образование за сите – обезбедување на образовна рамноправност
- Унапредување на културата на живеење

- Зголемување на социјалната партиципација
- Зголемување на образовната, културната и економската компетентност на македонското општество
- Засилување и унапредување на меѓународната соработка
- Управување со промените

*Националната стратегија за стручно образование и обука во контекст на „Доживотното учење 2013-2020 година"* и Акцискиот план произлегуваат од систематската анализа на системот на стручно образование и обука и за да може да ја оствари визијата за стручното образование и обука во земјата, Националната стратегија за стручното образование и обука во контекст на доживотно учење се стреми да ги оствари следниве цели:

- Да се зајакне атрактивноста, релевантноста и квалитетот на стручното образование и обука и да му се овозможи да игра главна улога во промовирањето на деловната успешност, конкурентноста и иновациите.
- Да им се понудат на младите и возрасните поразновидни и флексибилни можности за учење за да стекнат и развијат вештини кои ќе им бидат потребни за кариерен развој и кои ќе стимулираат претприемнички дух, поттикнувајќи го нивното учество во понатамошна обука и образование и придонесувајќи за активно граѓанство и лична исполнетост.
- Да се промовира врвен квалитет и социјална инклузија, да се придонесе за поголема вработеност, мобилност и сигурност на работното место, да се подобри антиципацијата и управувањето со промените на пазарот на трудот и да се поттикнува деловната конкурентност[35]

Доколку се анализираат основните цели на стратешките документи за образование и обука на Република Македонија се заклучува дека нивните определби во голема мера се компатибилни со целите на европските политики, но и со програмата за „Доживотно учење 2007 – 2013 година".

[35] Национална стратегија за стручно образование и обука во контекст на доживотното учење 2013-2020 година

Од тука ќе произлезат и најзначајните перспективи од користењето на европските програми за образование и обука, „Доживотно учење“ и консеквентно новата програма за образование, обука, млади и спорт програмата „Еразмус плус 2014-2020“.

# Втор дел - Методологија на истражувањето

# 1. Предмет на истражување

Предметот на ова истражување третира еден интересен, современ и недоволно проучуван проблем во македонскиот образовен систем.

Со конституирањето на Национална агенција за европски програми и мобилност во изминатиот период континуирано се воведуваа и имплементираа многубројни европски програми и иницијативи. Основниот концепт на ваквата програмска поставеност тежнее кон осовременување на македонскиот образовен систем, следење на современите развојни тенденции во образованието во Европа и подигнување на квалитетот на личниот и професионален развој на поединецот, како и зајакнување на институционалните капацитети во сферата на образовните политики.

**Предметот на ова истражување се европските програми за образование и обука, нивната програмска поставеност, имплементација и нивното интегрирање во македонскиот образовен систем и европските перспективи на Република Македонија.**

Вака поставениот предмет претставува посебен истражувачки предизвик, со што се очекува ова истражување да претставува своевиден печат за перспективите на македонскиот образовен систем и да даде скромен придонес во педагошката теорија и практика.

Предметот на истражувањето актуализира неколку аспекти. Посебен осврт ќе се направи на програмата за образование и обука „Доживотно учење 2007-2013 година" и програмата за образование, обука млади и спорт „Еразмус плус 2014-2020 година". Станува збор за две последователни водечки програми на Европската унија во областа на образованието и обуката. Со истражувањето ќе се анализираат и можностите кои произлегуваат од овие програми и очекуваните резултати од нивното користење во насока на подобрување во сегментот образование и обука во Република Македонија.

## 2. Цел и карактер на истражувањето

Целта на истражувањето е анализирање на програмската поставеност и имплементација на европските програми за образование и обука и нивното влијание врз македонските образовни перспективи (македонскиот образовен систем). Според својот карактер е современо, бидејќи се занимава со актуелна педагошка проблематика. Истовремено истражувањето има карактеристика на прогностичко, од причина што ги третира развојните перспективи на македонскиот образовен систем. Тоа, пред сè, има аналитички карактер со користење на квалитативна методологија. Проучувањето на проблемот се врши со теоретско и емпириско истражување од дескриптивен карактер.

## 3. Задачи на истражувањето

Целта на истражувањето е конкретизирана низ следните задачи:

1. Да се изврши содржинска анализа на програмата за образование и обука Доживотно учење 2007-2013 година.
2. Да се изврши содржинска анализа на програмата за образование, обука млади и спорт „Еразмус плус 2014-2020 година".
3. Да се испитаат ефектите од користењето на европската програма „Комениус" врз личниот и професионален развој на корисниците.
4. Да се испитаат ефектите од користењето на европската програма „Грундвиг" врз личниот и професионален развој на корисниците.
5. Да се анализираат можностите кои произлегуваат од користење на европските програми за образование и обука за зголемување на квалитетот, институционално зајакнување и унапредување на образовниот систем и образовните политики во Република Македонија.

# 4. Хипотези на истражувањето

Тргнувајќи од предметот и од целта на истражувањето се поставуваат следниве хипотези:

**Општа хипотеза:**

Европските програми за образование и обука се интегрираат во развојниот процес на македонскиот образовен систем.

**Посебни хипотези:**

1. Се претпоставува дека имплементацијата на програмата „Доживотно учење 2007-2013 година" позитивно влијае врз индивидуалниот и професионалниот развој на поединците корисници на програмите „Комениус" и „Грундвиг".
2. Се претпоставува дека имплементацијата на програмата „Доживотно учење 2007-2013 година" позитивно влијае на зголемување на квалитетот, институционално зајакнување и унапредување на образовниот систем во Република Македонија.
3. Се претпоставува дека програмите „Доживотно учење 2007-2013 година" и „Еразмус плус 2014-2020 година" позитивно ќе влијаат во креирањето на образовните политики во Република Македонија.

# 5. Варијабли на истражувањето

Независни варијабли во истражувањето се програмите „Доживотно учење 2007-2013 година" и „Еразмус плус 2014-2020 година", со нивните специфики: програмска и структурана поставеност, етапност во имплементацијата и поставените процедури.

Зависни варијабли во истражувањето се:

- индивидуалниот и професионалниот развој на поединците – корисници на програмите;
- институционалниот капацитет во образовната сфера;
- креирањето на образовните политики во Република Македонија.

## 6. Методи, техники и инструменти на истражување

Во истражувањето се користат повеќе методи со кои се обезбедуваат квалитетни научни сознанија, и тоа: анализа (содржинска и структурна), синтеза, дескрипција, индукција и генерализација.

Бидејќи станува збор за истражување од теоретски, дескриптивен и квалитативен карактер, во истражувањето се применува техниката на анализа на содржина, односно се анализира педагошка и друга релевантна документација.

За добивање на релевантни податоци во истражувањето се користени следните истражувачки инструменти: евиденциски листи и елаборациски табели.

## 7. Примерок на истражување

Во истражувањето се опфатени повеќе примероци, и тоа:

- Примерок на потпрограми од програмите „Доживотно учење 2007-2013 година" и „Еразмус плус 2014-2020".
- Примерок на извештаи од корисници од потпрограмата „Комениус".
- Примерок на извештаи од корисници од потпрограмата „Грундвиг".
- Примерок на прегледи на искористеност на средства за програмата „Леонардо да Винчи".
- Примерок на прегледи на искористеност на средства за програмата „Еразмус".

# 8. Обработка на податоците

Во контекст на карактерот на истражувањето, карактеристиките на истражувачките техники и инструменти, добиените податоци од истражувањето се обработени квалитативно и квантитативно.

Квалитативно се анализирани програмите „Доживотно учење 2007-2013 година" и „Еразмус плус"2014-2020, како и добиените податоци од извештаите на корисниците за програмите „Комениус" и „Грундвиг", и прегледите на искористеност на средства за програмите „Леонардо да Винчи" и „Еразмус". Обработката на податоците е направена во неколку фази[36]: запознавање со податоците (преглед на извештаи и документација); определување на тематска рамка, кодирање (индивидуални извештаи на корисници), табелирање и категоризација.

Статистичката анализа на податоците е направена преку опис на варијаблите со презентирање на дистрибуција на фреквенција и претставување на просеци.

[36] Според Н. Ангелоска-Галевска (1998), *Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието*, Битола: Киро Дандаро, стр.46-49.

# Трет дел – Анализа и интерпретација на релевантна документација и податоци од истражувањето

# 1. Анализа и интерпретација на испитувањето на ефектите од користењето на европската програма „Комениус“ врз личниот и професионалниот развој на корисниците

Програмата „Комениус“ е насочена кон унапредување на мобилноста на учениците и на училишниот кадар, со што се зголемува и зајакнува професионалната и институционалната соработка што резултира со позитивни практики и партнерства во предучилишното, основното и средното (гимназиско) образование. Очекуваните излези од оваа образовна програма се во насока на унапредување и развивање на педагошките пристапи преку применување на современи стратегии, пристапи и методи во реализацијата на наставата и во процесот на учење, преку користење на сознанија од истражувања, имплементирање на иновациски компјутерски содржини дигиталните едукативни содржини и сервиси. Ефективноста на вака поставената структура на програмата „Комениус“ се согледува и преку поттикнување на науката како атрактивно поле, поддршка на претприемништвото, поддршка за креативноста и иновацијата, поттикнувањето за учење модерни странски јазици, намалување на бројот на лица кои предвремено го напуштаат образовниот процес, учество во спортски активности, поттикнување на интегрираното образование, пред-училишното и раноучилишното учење.

Концепциската поставеност на Програмата претпоставува индивидуално пишување и доставување на извештаи во завршната фаза од имплементацијата на проектот и мобилноста. Извештаите се доставуваат до Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, каде што истите подлежат на евалуација и одобрување.

Структурата на извештаите, технички и содржински е однапред дефинирана од страна на Европската комисија, Генералниот директорат за образование и култура и истата е идентична за сите корисници на програмата.

Извештајот[37] се состои од општ дел, опис на активностите, начин на имплементација и содржина на активностите, дисеминација, влијание од имплементираните активности и евалуација на активностите. Во делот - влијание од

[37] www.na.org.mk

имплементираните активности постојат сегменти кои се однесуваат на личниот и професионален развој и институционалниот развој. Имајќи го предвид предметот на ова истражување и поставеноста на хипотезите, токму наведените сегменти од извештаите на програмските корисници се предмет на анализа. Притоа треба да се истакне дека добиените податоци кои се однесуваат на институционалниот развој ќе бидат анализирани и интерпретирани во третиот дел од ова поглавје.

Податоците се добиени од анализа на индивидуалните наративни извештаи на вкупно 30 корисници, кои всушност го претставуваат целокупниот примерок на корисници на програмата „Комениус" во Република Македонија, во периодот 2012 година и 2013 година. Од таа причина заклучните сознанија се изведуваат од овој примерок.

Табела бр. 4

| Личен и професионален развој на корисниците на програмата Комениус (2012 -2013 година) | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | Прашања | Корисници* | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | Просек |
| | | К-1 | К-2 | К-3 | К-4 | К-5 | К-6 | К-7 | К-8 | К-9 | К-10 | К-11 | К-12 | К-13 | К-14 | К-15 | К-16 | К-17 | К-18 | К-19 | К-20 | К-21 | К-22 | К-23 | К-24 | К-25 | К-26 | К-27 | К-28 | К-29 | К-30 | |
| 1 | Ме охрабри да употербувам рефлексивен приод кон начинот на кој предавам | 4 | 5 | 3 | 5 | 5 | 5 | 4 | 5 | 5 | 4 | 4 | 4 | 5 | 3 | 3 | 4 | 5 | 3 | 4 | 5 | 4 | 4 | 5 | 4 | 3 | 3 | 5 | 4 | 5 | 5 | 4.23 |
| 2 | Ме охрабри да читам повеќе за најновите истражувања во предавањата на мојот предмет | 4 | 5 | 4 | 3 | 4 | 3 | 3 | 4 | 5 | 4 | 3 | 5 | 4 | 3 | 4 | 5 | 4 | 5 | 4 | 3 | 3 | 5 | 4 | 4 | 3 | 3 | 5 | 4 | 4 | 4 | 3.93 |
| 3 | Ја зголемив свесноста за нови методи за оценување/ давање кредити за вештини или стекнати компетенции во училишта/информално учење | 5 | 5 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 3 | 5 | 5 | 4 | 5 | 4 | 4 | 3 | 3 | 4 | 4 | 5 | 4 | 4 | 4 | 3 | 4 | 3 | 3 | 5 | 4 | 5 | 4 | 4.07 |
| 4 | Ми овозможи поширок избор на наставни приоди/методи/техники | 5 | 5 | 3 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 5 | 5 | 4 | 4 | 3 | 5 | 3 | 4 | 3 | 5 | 3 | 5 | 3 | 3 | 5 | 4 | 3 | 3 | 3 | 3 | 4 | 5 | 3.93 |
| 5 | Го подобри моето познавање од предметот кој го предавам/ професионалното поле | 4 | 5 | 4 | 3 | 3 | 2 | 2 | 5 | 5 | 4 | 2 | 4 | 3 | 3 | 4 | 4 | 3 | 4 | 3 | 6 | 4 | 5 | 4 | 4 | 4 | 3 | 5 | 5 | 5 | 5 | 3.90 |
| 6 | Ги подобри моите јазични компетенции | 4 | 5 | 5 | 3 | 3 | 3 | 4 | 5 | 5 | 4 | 4 | 4 | 4 | 2 | 4 | 4 | 3 | 2 | 4 | 3 | 3 | 4 | 4 | 3 | 4 | 3 | 5 | 3 | 4 | 4 | 3.73 |
| 7 | Ме охрабри да користам повеќе ИКТ во училницата | 5 | 5 | 4 | 4 | 5 | 2 | 5 | 4 | 5 | 4 | 5 | 4 | 3 | 3 | 5 | 3 | 5 | 3 | 5 | 3 | 4 | 3 | 3 | 3 | 4 | 4 | 5 | 5 | 4 | 4 | 4.03 |
| 8 | Го обнови мојот став кон предавањата | 5 | 5 | 3 | 3 | 4 | 3 | 3 | 5 | 4 | 4 | 2 | 3 | 3 | 3 | 5 | 3 | 3 | 4 | 4 | 3 | 3 | 3 | 3 | 4 | 5 | 3 | 5 | 3 | 4 | 5 | 3.67 |
| 9 | Го надогради моето знаење за другите земји/култури/образовни системи | 5 | 5 | 4 | 4 | 4 | 5 | 4 | 5 | 5 | 5 | 3 | 2 | 2 | 4 | 5 | 4 | 3 | 2 | 3 | 4 | 3 | 5 | 5 | 4 | 5 | 3 | 5 | 3 | 4 | 3 | 3.93 |
| 10 | Ја зголеми мојата свесност за новите (Европски) механизми за финансирање за училишта/прокти за образование на возрасни/организации | 5 | 5 | 4 | 5 | 5 | 4 | 4 | 5 | 4 | 5 | 4 | 3 | 3 | 3 | 4 | 4 | 3 | 4 | 2 | 4 | 3 | 5 | 4 | 4 | 5 | 3 | 5 | 3 | 4 | 4 | 4.00 |
| 11 | Ме охрабрида учествувам во други Комениус/Грундвиг/ЛЛП активности | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 4 | 3 | 4 | 4 | 3 | 4 | 4 | 3 | 3 | 3 | 3 | 4 | 4 | 4 | 3 | 3 | 5 | 3 | 4 | 4 | 4.07 |
| 12 | Ме мотивираше да продожам да ги развивам моите професионални вештини во иднина. | 5 | 5 | 5 | 4 | 4 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 4 | 5 | 4 | 4 | 3 | 3 | 5 | 4 | 4 | 3 | 4 | 3 | 4 | 4 | 4 | 3 | 5 | 5 | 4 | 4 | 4.23 |
| 13 | Ги унапредеи моите кариерни проспекти | 5 | 5 | 5 | 4 | 4 | 5 | 4 | 5 | 5 | 5 | 3 | 3 | 2 | 2 | 3 | 4 | 4 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 4 | 3 | 4 | 3 | 5 | 4 | 4 | 4 | 3.73 |
| | Просек по корисник | 4.36 | 4.64 | 3.79 | 3.64 | 3.86 | 3.57 | 3.64 | 4.29 | 4.50 | 4.21 | 3.29 | 3.50 | 3.14 | 3.07 | 3.50 | 3.50 | 3.50 | 3.21 | 3.29 | 3.50 | 3.14 | 3.64 | 3.71 | 3.50 | 3.57 | 2.86 | 4.50 | 3.50 | 3.93 | 3.93 | |

*Заради почитување на истражувачкиот етички кодекс податоците од извештаите на корисниците на програмата „Комениус" се кодирани, при што се користат два симбола и тоа: К – симбол за корисник и броеви од 1 до 30, што го означува редниот број на корисникот.

Табела бр. 5

| *Легенда* |
| --- |
| *0- Не е соодветно* |
| *1- Нема влијание* |
| *2 - Мало влијание* |
| *3 - Средно влијание* |
| *4 -Високо влијание* |
| *5 - Многу значајно влијание* |

Графикон бр. 4



Сегментот од извештајот - влијание од имплементираните активности кои се однесуваат на личниот и професионален развој се испитува преку скала на проценка (табела бр. 4).

Податоците кои се однесуваат на индивидуалниот и професионален развој на програмските корисници се претставени и категоризирани табеларно според тринаесетте поставени прашања, при што е пресметан просекот од одговорите на сите испитаници за секое поединечно прашање.

Според прикажаните податоци може да се види дека најголем дел од корисниците, по завршувањето на нивниот престој во релевантни партнерски воспитно-образовни институции во земјите-учеснички во програмата се мотивирани да ги развиваат нивните професионални вештини (просечна оценка 4,23). Придобивката од остварената мобилност и размена на искуства со нивните колеги високо влијае (4,23) врз мотивацијата на наставниците за унапредување и осовременување на педагошките модели во наставниот процес. Позитивните ефекти од програмата се надоврзуваат и преку ставовите на наставниците кои се согледуваат преку зголемувањето на професионалната свесност за имплементирање на нови техники и методи во процесот на следење, вреднување и оценување на знаењата на учениците како и оценување (давање кредити) за развиените вештини на учениците во текот на наставниот процес, како и следењето на напредокот преку информалното учење. Наведените сознанија се потврдуваат со дадената просечна вредност која изнесува 4.07. Во прилог на наведените ставови од голема важност е и поттикнувањето на наставниот кадар за натамошно аплицирање во други активности од програмата „Доживотно учење". Очигледно е дека програмите од ваков карактер ја мобилизираат свесноста на менаџерскиот и наставниот кадар за новите механизми за финансирање на училиштата според моделот на развиените образовни системи во Европа. Врз корисниците високо влијание (4,03) имаат и позитивните примери за поинтензивно користење на ИКТ во училницата. Инвестирањето во индивидуалниот развој на корисниците се согледува и преку стекнување на нови знаења за образовните системи, културите и земјите кои ги посетуваат, што воедно е и една од програмските цели. Придобивките од мобилностите ги потенцираат и поттикнуваат корисниците за следење на

современите истражувања од нивната стручна област, пред сè истите и континуирано да ги имплементираат во нивната секојдневна практична работа. Од анализата на податоците се забележува дека со „најниска оценка" (3,67), што мора да се констатира дека изразува степен на високо влијание,корисниците го оценуваат исказот дека при имплементацијата на мобилноста ги обновуваат нивните пристапи во процесот на предавањата.

Ваквите резултати директно упатуваат на позитивните ефекти од мобилностите и престојот во други земји, што може да се претстави како развиена потреба за споделување и применување на позитивни образовни практики во реалните услови на дејствување. Наведената анализа, која произлегува од изразените ставови на програмските корисници, упатува на **потврдување на првата хипотеза** со која се претпоставува дека имплементацијата на програмата „Доживотно учење 2007-2013 година" позитивно влијае врз индивидуалниот и професионалниот развој на поединците корисници на програмите „Комениус" и „Грундвиг".

## 2. Анализа и интерпретација на испитувањето на ефектите од користењето на европската програма „Грундвиг“ врз личниот и професионалниот развој на корисниците

Образованието за возрасни преставува важен сегмент од општественото живеење, особено гледано од аспект на воведување на нови технолошки процеси и иновации во работните процеси, но и во секој дел од социјалното живеење. Пазарот на трудот бара исклучителна флексибилност, брзо приспособување и ефикасно и ефективно стекнување на нови вештини кои даваат предност во работењето.

Програмата „Грундвиг“ ја стимулира европската соработка во областа на образованието за возрасни преку креирање на мобилност на лица од чувствителни и маргинализирани социјални групи, постари лица и тие кои предвремено го напуштиле образованието. Размената на позитивни практики, поддршка за учење како и развој на нови ИКТ-содржини и педагошки методи во областа на образованието на возрасни се дел од придобивките на корисниците на програмата „Грундвиг“.

Правилата врз кој е втемелена оваа програма како дел од програмата „Доживотно учење“ изнесени во Водичот на програмата,[38] задолжително бараат доставување на извештаи од страна на програмските корисници. Извештаите се однесуваат на целокупната активност на корисникот од самото аплицирање до процесот на дисеминација и евалуација на постигнатите резултати од имплементирањето на активноста. Како и во случајот со програмата „Комениус“ истите се доставуваат во финална фаза на активностите до Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, каде што се врши анализа и одобрување на извештаите.

Поднесениот извештај е концепциски формиран и претставува електронска форма која се пополнува од страна на корисникот, а истиот е однапред изготвен од страна на Европската комисија, Генерален директорат за образование и култура. Тој во себе содржи засебни делови кои треба да бидат пополнети од страна на

[38]http://archive.na.org.mk/tl_files/documents/llp_guide_2013_part_1.pdf

корисникот, а се однесуваат на сите активности кои ги имал истиот во текот на имплементација на проектот.

Слично како и кај програмата „Комениус" во извештајот од корисниците на програмата „Грундвиг" постои дел кој се однесува на личниот, односно индивидуален развој како и професионален развој постигнат со имплементирање и мобилност во Програмата. Овој сегмент од извештајот е земен за анализа во контекст на предметот на истражување и поставените хипотези.

Анализирани се податоци од индивидуални корисници на програмата „Грундвиг" од периодот 2012 година и 2013 година. Анализата се однесува на податоци добиени од извештаите на 21 корисник од програмата кои водено и го претставуваат вкупниот број на корисници во наведениот период.

Табела бр. 6

| Личен и професионален развој на корисниците на програмата Грундвиг (2012 -2013 година) | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | Прашања | Корисници* | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | Просек |
| | | К-1 | К-2 | К-3 | К-4 | К-5 | К-6 | К-7 | К-8 | К-9 | К-10 | К-11 | К-12 | К-13 | К-14 | К-15 | К-16 | К-17 | К-18 | К-19 | К-20 | К-21 | |
| 1 | Ме охрабри да употербувам рефлексивен приод кон начинот на кој предавам | 4 | 4 | 5 | 0 | 4 | 5 | 5 | 4 | 3 | 3 | 3 | 5 | 4 | 3 | 4 | 5 | 4 | 5 | 4 | 3 | 3 | 3.81 |
| 2 | Ме охрабри да читам повеќе за најновите истражувања во предавањата на мојот предмет | 2 | 0 | 5 | 4 | 4 | 4 | 5 | 4 | 5 | 4 | 5 | 5 | 4 | 3 | 4 | 5 | 4 | 5 | 4 | 3 | 3 | 3.90 |
| 3 | Ја зголемив свесноста за нови методи за оценување/ давање кредити за вештини или стекнати компетенции во училишта/информално учење | 5 | 0 | 4 | 0 | 4 | 5 | 5 | 2 | 0 | 4 | 3 | 5 | 4 | 5 | 3 | 5 | 3 | 4 | 5 | 3 | 2 | 3.38 |
| 4 | **Ми овозможи поширок избор на наставни приоди/методи/техники** | 4 | 4 | 5 | 0 | 4 | 5 | 4 | 3 | 3 | 3 | 4 | 4 | 4 | 5 | 2 | 4 | 3 | 3 | 3 | 4 | 3 | 3.52 |
| 5 | **Го подобри моето познавање од предметот кој го предавам/ професионалното поле** | 4 | 5 | 5 | 4 | 5 | 4 | 5 | 5 | 5 | 3 | 2 | 3 | 5 | 2 | 4 | 5 | 5 | 4 | 3 | 4 | 3 | 4.05 |
| 6 | **Ги зајакна моите организациски/менаџмет/лидерски вештини** | 3 | 3 | 5 | 3 | 5 | 5 | 4 | 4 | 4 | 3 | 4 | 4 | 5 | 1 | 4 | 4 | 1 | 2 | 2 | 3 | 5 | 3.52 |
| 7 | Ги подобри моите јазични компетенции | 3 | 1 | 3 | 4 | 3 | 4 | 4 | 0 | 5 | 4 | 4 | 5 | 5 | 0 | 5 | 5 | 5 | 2 | 5 | 3 | 5 | 3.57 |
| 8 | **Ме охрабри да користам повеќе ИКТ во училницата** | 3 | 3 | 5 | 0 | 4 | 3 | 3 | 3 | 4 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 3 | 4 | 4 | 5 | 3 | 5 | 3.90 |
| 9 | **Го обнови мојот став кон предавањата** | 3 | 0 | 5 | 0 | 5 | 3 | 4 | 5 | 0 | 3 | 2 | 4 | 4 | 3 | 5 | 3 | 5 | 3 | 5 | 3 | 4 | 3.29 |
| 10 | **Го надогради моето знаење за другите земји/култури/образовни системи** | 4 | 4 | 3 | 5 | 4 | 4 | 5 | 4 | 5 | 3 | 3 | 2 | 3 | 4 | 4 | 5 | 3 | 2 | 4 | 4 | 4 | 3.76 |
| 11 | **Ја зголеми мојата свесност за новите (Европски) механизми за финансирање за училишта/прокти за образование на возрасни/организации** | 5 | 5 | 5 | 3 | 3 | 4 | 5 | 3 | 5 | 3 | 5 | 3 | 3 | 4 | 3 | 5 | 5 | 4 | 2 | 3 | 5 | 3.95 |
| 12 | **Ме охрабрида учествувам во други Коменијус/Грндвиг/ЛЛП активности** | 5 | 5 | 5 | 3 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 4 | 3 | 4 | 3 | 5 | 5 | 4 | 3 | 3 | 4 | 4.33 |
| 13 | **Ме мотивираше да продожам да ги развивам моите професионални вештини во иднина.** | 5 | 4 | 5 | 4 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 4 | 4 | 5 | 3 | 4 | 3 | 4 | 5 | 4 | 4 | 3 | 3 | 4.24 |
| 14 | **Ги унапредеи моие кариерни проспекти** | 3 | 3 | 5 | 2 | 5 | 5 | 5 | 5 | 4 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 4 | 5 | 2 | 2 | 3 | 4 | 3.43 |
| | | 3.79 | 2.93 | 4.64 | 2.29 | 4.29 | 4.36 | 4.57 | 3.71 | 3.79 | 3.57 | 3.71 | 4.07 | 3.86 | 3.21 | 3.64 | 4.43 | 4.07 | 3.43 | 3.64 | 3.21 | 3.79 | |

*Заради почитување на истражувачкиот етички кодекс податоците од извештаите на корисниците на програмата „Грундвиг" се кодирани при што се користат два симбола и тоа: К - симбол за корисник и броеви од 1 до 21, што го означува редниот број на корисникот.

Табела бр.7

| *Легенда* |
|---|
| *0- Не е соодветно* |
| *1- Нема влијание* |
| *2 - Мало влијание* |
| *3 - Средно влијание* |
| *4 -Високо влијание* |
| *5 - Многу значајно влијание* |

Графикон бр. 5

Личен и професионален развој на корисниците на програмата „Грундвиг" (2012-2013)




Делот од извештајот што се однесува на влијание од имплементираните активности, кои се во насока на личниот и професионален развој, се испитува преку скала на проценка (табела бр. 6).

Анализата на податоци, која се однесува на личниот и професионален развој на корисниците на програмата „Грундвиг", се табеларно претставени и категоризирани согласно со четиринаесет прашања содржани во извештајот. Од одговорите на сите поединечни корисници по секое прашање е изваден просек за потребите на анализа на податоците.

Податоците кои се прикажани во анализата водат до заклучок дека учеството во програмата има високо влијание врз корисниците, особено во делот на поттикнување на учество во идни активности од програмата (4,33).

Мотивацијата за развивање на личните и професионални вештини во иднина, сериозно се зголемува по остварување на мобилност во програмата „Грундвиг" (4,24). Овие ставови укажуваат дека искуствата стекнати со користење на Програмата сериозно влијаат врз идните планови на корисниците, кои се однесуваат на усовршување и стекнување на повисоки компетенции.

Имајќи предвид дека програмата е наменета и за корисници кои се занимаваат со образование на возрасни, податоците упатуваат на заклучокот дека учеството и интеракцијата (работата со возрасни ученици во други земји), која ја овозможува програмата, придонесуваат во подобрување и продлабочување на општото и специфичното познавање на областа и наставните предмети кои ги практикуваат во секојдневната работа во процесот на образование на возрасните (4,05).

Доколку се има предвид ограниченоста на ресурсите, програмските учесници во процесот на имплементацијата на активностите имаат позитивни мислења во однос на зголемениот фонд на знаења за можностите кои ги нудат новите европски механизми за финансирање (3,95), а се во насока на обезбедување на ресурси за развој на образовните системи и проекти за образование на возрасни.

Очигледно е дека програмата „Грундвиг" ја зголемува свесноста и знаењето за начинот и можностите за употребата на нови технологии, како и напредните ИКТ-алатки кои поинтензивно можат да се користат во процесот на учење, но и во процесите на работа. Забележливо е и влијанието на Програмата врз информираноста на корисниците за истражувањата од областа на интерес со цел

навремено приспособување кон брзиот и динамичен контекст на современото живеење (3,90).

Ставовите на корисниците дополнително укажуваат и на зголемување на јазичните компетенции по користењето на програмата, како и подобро совладување на организациските и лидерските вештини како неопходен сегмент за успешно опстојување во модерните економии (3,52).

Професионалниот и личниот развој на корисниците може да се согледа и преку стекнувањето на нови знаења за земјите и културите, но и образовните системи во земјите-учеснички во програмата.

Според искажаните ставови, корисниците на програмата „Грундвиг" по остварената мобилност, позитивно пристапуваат кон наставата, користејќи современи пристапи и методи во процесот на учење (3,52), во сите видови на образование (формално, неформално и информално образование).

Несомнено е дека ваквата програмска поставеност резултира со податоци, добиени врз основа на анализата од извештаите на корисниците, кои укажуваат дека учеството во програмата, мобилноста и активностите како дел од самата имплементација на проектите, се одразуваат со придобивки практично применливи од страна на корисниците.

Анализата на ставовите упатува и на **потврдување на хипотезата** со која се претпоставува дека имплементацијата на програмата „Доживотно учење 2007-2013" година позитивно влијае врз индивидуалниот и професионалниот развој на поединците корисници на програмите „Комениус" и „Грундвиг".

# 3. Анализа и интерпретација на испитувањето на ефектите од користењето на европските програми „Комениус“ и „Грундвиг“ врз институционалниот развој

Програмата „Доживотно учење“, како и нејзините составни делови, програмата „Комениус“ и програмата „Грундвиг“, се структурирани на начин кој ги опфаќа сите потсистеми од воспитно-образовниот систем на Република Македонија. Корисниците на програмите се претставници од институција која функционира во одреден потсистем, а користењето на програмите може и треба да влијае врз развојот и врз промените на воспитно-образовниот систем во целина. Концептот за учество во самите програми предвидува институционален пристап што всушност става поголем акцент на европските образовни програми.

Учесниците во сегментот од своите задолжителни активности мора да имаат квалитетна дисеминација, како и експлоатација на стекнатите знаења и развиените вештини првенствено во институциите во кои работат, како и пошироко меѓу засегнатите страни. Ова придонесува кон мултиплицирање на стекнатото искуство од учеството во програмите и неминовно влијае на зајакнување на институционалниот развој и системот во кој функционираат.

## 3.1 Анализа и интерпретација на испитувањето на ефектите од користењето на европските програми „Комениус“ врз институционалниот развој

Поставеноста на програмата „Комениус“, гледано од институционален аспект како корисници, предвидува поединци и групи кои се дел од потсистемот за предучилишно воспитание, училишно и средно (гимназиско) образование.

Во поширока смисла во оваа програма можат да се вклучуваат и други институции, тела, асоцијации, невладини организации итн., кои на директен и индиректен начин имаат релевантно влијание врз системот на општото образование. Оттаму од исклучителна важност е испитувањето на ефектите врз институционалниот развој (поставено како посебна истражувачка задача), кои ги предизвикува програмата „Комениус“ и преку кои може да се увиди влијанието на европските програми за образование и обука преку нивното интегрирање во развојот на македонскиот образовен систем, што во методолошка смисла претставува своевидна хипотеза.

При анализата на извештаите кои корисниците ги доставуваат до Националната агенција за европски образовни програми, се издвојуваат ајтемите кои се однесуваат на испитувањето на ефектите од учеството во програмата. Податоците од извештаите се групирани, табелирани и категоризирани, според пет прашања при што е пресметан просек од одговорите на секое прашање од страна на секој корисник. Овие прашања се насочени кон испитување на ефектите од учеството на корисникот во програмата врз институцијата во која тој работи.

Анализата на податоците е направена од индивидуалните извештаи на корисниците, односно на 30 извештаи, кои всушност го претставуваат целокупниот примерок на корисници на програмата „Комениус“ во Република Македонија, во периодот 2012 година и 2013 година. Од таа причина заклучните сознанија се изведуваат од овој примерок.

Табела бр. 8

Институционален развој од програмата Коменијус (2012 -2013 година)

| Бр. | Прашања | Корисници* | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | К-1 | К-2 | К-3 | К-4 | К-5 | К-6 | К-7 | К-8 | К-9 | К-10 | К-11 | К-12 | К-13 | К-14 | К-15 | К-16 | К-17 | К-18 | К-19 | К-20 | К-21 | К-22 | К-23 | К-24 | К-25 | К-26 | К-27 | К-28 | К-29 | К-30 | |
| 1 | 1. Доведе или ќе доведе до користење на нови наставни методи/пристапи во моето училиште/организација | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 5 | 5 | 5 | 5 | 3 | 3 | 3 | 2 | 4 | 3 | 4 | 4 | 3 | 4 | 4 | 4 | 5 | 3 | 5 | 3 | 5 | 4 | 4 | 3 | 3.90 |
| 2 | 2. Доведе или ќе доведе до воведување на нови наставни предмети во моето училиште/организација | 1 | 1 | 3 | 3 | 4 | 3 | 4 | 1 | 0 | 4 | 1 | 5 | 3 | 2 | 4 | 4 | 3 | 2 | 3 | 3 | 2 | 1 | 3 | 3 | 3 | 3 | 5 | 2 | 3 | 3 | 2.73 |
| 3 | 3. Доведе или ќе доведе до воведување на промени во организацијата на работење на мојата институција на управувачко ниво | 1 | 3 | 3 | 4 | 4 | 2 | 3 | 4 | 0 | 5 | 2 | 4 | 3 | 2 | 4 | 3 | 2 | 3 | 3 | 3 | 4 | 3 | 4 | 3 | 3 | 3 | 4 | 4 | 3 | 3 | 3.07 |
| 4 | 4. Помогна да се зголеми Европската димензија во работата на моето училиште/организација | 3 | 5 | 4 | 5 | 5 | 4 | 5 | 5 | 5 | 4 | 4 | 5 | 3 | 5 | 5 | 4 | 4 | 4 | 5 | 4 | 4 | 3 | 3 | 5 | 5 | 4 | 4 | 5 | 5 | 5 | 4.37 |
| 5 | 6. Доведе или ќе доведе до создавање на партнерства/соработка со училишта/ организации кои беа претставени на обуката. | 5 | 4 | 5 | 4 | 3 | 4 | 5 | 5 | 5 | 5 | 4 | 4 | 5 | 5 | 5 | 3 | 5 | 4 | 4 | 4 | 4 | 3 | 4 | 5 | 4 | 3 | 5 | 5 | 5 | 5 | 4.37 |
| | | 2.80 | 3.40 | 3.80 | 4.00 | 4.00 | 3.40 | 4.40 | 4.00 | 3.00 | 4.60 | 2.80 | 4.20 | 3.40 | 3.20 | 4.40 | 3.40 | 3.6( | 3.40 | 3.60 | 3.60 | 3.60 | 2.80 | 3.80 | 3.80 | 4.00 | 3.20 | 4.60 | 4.00 | 4.00 | 3.80 | |

*Заради почитување на истражувачкиот етички кодекс податоците од извештаите на корисниците на програмата „Комениус" се кодирани, при што се користат два симбола и тоа: К – симбол за корисник и броеви од 1 до 30, што го означува редниот број на корисникот.

Табела бр.9

| *Легенда* |
|---|
| *0- Не е соодветно* |
| *1- Нема влијание* |
| *2 - Мало влијание* |
| *3 - Средно влијание* |
| *4 -Високо влијание* |
| *5 - Многу значајно влијание* |

Графикон бр. 6




Делот од извештајот, кој се однесува на влијанието на имплементираните активности врз институционалниот развој, се испитува преку скала на проценка (табела бр. 8)

Прикажаните податоци покажуваат дека најголем дел од учесниците во програмата „Комениус" по завршувањето на проектните активности и мобилноста во партнерските институции, како многу значајна придобивка ја наведуваат соработката со други училишта и организации, како и можноста за создавање институционални партнерства како придобивка од користењето на Програмата (4,37).

Покрај наведеното, по завршување на активностите со висока оценка на влијание е забележана и тенденцијата за зголемување на европската димензија на институциите во која работат корисниците(4,37).

Ефектот кој предвидува користење на современи и иновациски наставни методи и пристапи на работење во училиштата или институциите во кои работат корисниците се оценети како позитивни и високи (3,90), слично како и воведувањето на промени во организацијата на работењето на институцијата на управувачко ниво (3,07).

Со пониско т.е. со средно влијание е оценета можноста за воведување на нови наставни предмети во училиштата, имајќи ги предвид легислативните ограничувања кои ги постојат во наведените образовни системи (2,73).

Сето ова недвосмислено упатува на констатацијата дека ефектот кој произлегува од учеството во Програмата, а притоа аспектирајќи ги ефектите кои се однесуваат на позитивниот развој на институциите е јасно видлив од анализата на податоците од извештаите на корисниците на програмата „Комениус".

Овие резултати од анализата упатуваат на **потврдување на хипотезата** која претпоставува дека имплементацијата на програмата „Доживотно учење 2007-2013 година" позитивно влијае на зголемување на квалитетот, институционално зајакнување и унапредување на образовниот систем во Република Македонија.

## 3.2 Анализа и интерпретација на испитувањето на ефектите од користењето на европските програми „Грундвиг" врз институционалниот развој

Програмата „Грундвиг", анализирана од институционален аспект, е предвидена за поединци и групи кои се дел од потсистемот во образованието за возрасни, учениците во образованието за возрасни, институции и организации кои обезбедуваат можности за учење за возрасни, институции вклучени во обуки за персоналот во образованието за возрасни, високо-образовни институции, истражувачки центри и тела кои третираат прашања за образованието за возрасни. Како и во претходно наведената програма „Комениус", во поширока смисла и во оваа програма корисници можат да бидат и други лица кои се на некој начин инволвирани во образованието за возрасни.

Институционалниот елемент на оваа програма е од сериозно значење, особено разгледувано од аспект на новите технолошки процеси и иновации во работните процеси. Пазарот на трудот претпоставува исклучителна флексибилност, ефикасно приспособување и стекнување на нови вештини кои даваат предност во работењето.

Институционалниот развој преку учество во програмата „Грундвиг" може да се согледа и преку развој на индивидуалните компетенции и практики за образование на возрасни со овозможување на поединците да ги развијат своите наставни компетенции кои подоцна ќе ги мултиплицираат во своите институции.[39]

Податоците добиени од извештаите кои корисниците на програмата „Грундвиг" ги доставуваат до Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, преку кои се оценуваат ефектите од учеството во програмата, се табелирани и категоризирани според шест прашања, при што е пресметан просек од одговорите на секое прашање за секој индивидуален корисник. Преку овие прашања од извештајот се испитуваат ефектите од учеството

[39]http://eacea.ec.europa.eu/llp/studies/documents/grundtvig_lot2/lot_2_final_report.pdf

на корисникот, кои треба да имаат позитивен трансфер во институцијата во која работат.

Важноста на овој сегмент од истражувањето се согледува и преку поставениот предмет на ова истражување. Оттаму се поставуваат и хипотезите преку кои се испитуваат ефектите кои треба да се однесуваат на институционалниот развој, а како резултат на остварените мобилности. Анализата на податоците се однесува на индивидуалните извештаи на вкупно 21 корисник, кои и всушност го претставуваат целокупниот примерок на корисници на програмата „Грундвиг" во Република Македонија, во периодот 2012 година и 2013 година. Од таа причина заклучните сознанија се изведуваат од овој примерок.

Табела бр. 10

| Институционален развој од програмата Грундвиг (2012 -2013 година) | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | Прашања | Корисници* | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | Просек |
| | | К-1 | К-2 | К-3 | К-4 | К-5 | К-6 | К-7 | К-8 | К-9 | К-10 | К-11 | К-12 | К-13 | К-14 | К-15 | К-16 | К-17 | К-18 | К-19 | К-20 | К-21 | |
| 1 | Доведе или ќе доведе до користење на нови наставни методи/пристапи во *моето* училиште/организација | 3 | 0 | 4 | 3 | 5 | 5 | 5 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 2 | 3 | 3 | 4 | 3 | 4 | 2 | 3 | 3 | 3.43 |
| 2 | Доведе или ќе доведе до воведување на нови наставни предмети во моето училиште/организација | 3 | 0 | 3 | 0 | 5 | 5 | 5 | 3 | 0 | 4 | 2 | 4 | 2 | 3 | 3 | 5 | 3 | 2 | 2 | 2 | 3 | 2.81 |
| 3 | Доведе или ќе доведе до воведување на промени во организацијата на работење на мојата институција на управувачко ниво | 3 | 4 | 3 | 0 | 3 | 3 | 3 | 4 | 0 | 3 | 4 | 4 | 3 | 4 | 4 | 4 | 1 | 2 | 2 | 2 | 3 | 2.81 |
| 4 | Помогна да се зголеми Европската димензија во работата на моето училиште/организација | 2 | 4 | 4 | 3 | 5 | 4 | 5 | 5 | 5 | 3 | 4 | 4 | 3 | 4 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 3 | 3 | 4.10 |
| 5 | Ми помогна да ја отворам мојата институција кон нови групи на возрасни ученици (за Грудвиг) | 4 | 5 | 0 | 0 | 4 | 5 | 5 | 4 | 5 | 4 | 5 | 3 | 5 | 4 | 5 | 3 | 5 | 5 | 5 | 3 | 3 | 3.90 |
| 6 | Доведе или ќе доведе до создавање на партнерства/соработка со училишта/ организации кои беа претставени на обуката. | 2 | 5 | 4 | 4 | 4 | 4 | 5 | 3 | 5 | 3 | 4 | 3 | 4 | 3 | 5 | 3 | 5 | 3 | 4 | 3 | 4 | 3.81 |
| | | 2.83 | 3.00 | 3.00 | 1.67 | 4.33 | 4.33 | 4.67 | 3.83 | 3.17 | 3.50 | 3.83 | 3.67 | 3.17 | 3.50 | 4.17 | 4.00 | 3.67 | 3.50 | 3.33 | 2.67 | 3.17 | |

*Заради почитување на истражувачкиот етички кодекс податоците од извештаите на корисниците на програмата „Грундвиг" се кодирани, при што

се користат два симбола и тоа: К – симбол за корисник и броеви од 1 до 21, што го означува редниот број на корисникот.

Табела бр.11

| ***Легенда*** |
|---|
| *0- Не е соодветно* |
| *1- Нема влијание* |
| *2 - Мало влијание* |
| *3 - Средно влијание* |
| *4 -Високо влијание* |
| *5 - Многу значајно влијание* |

Графикон бр. 7




Делот од извештајот кој се однесува на влијанието од имплементираните активности врз институционалниот развој, се испитува преку скала на проценка (табела бр. 10).

Врз основа на анализата на податоците се потврдува дека активностите кои се предвидени со програмата „Грундвиг" особено влијаат врз институционалниот развој. Најзабележителното влијание се изразува преку зголемувањето на европската димензија во работата на институцијата (4,10). Соработката и создавањето нови партнерства, како и отворањето на институциите кон нови групи на возрасни ученици е во значајна мера предуслов за институционален развој. Ова е видливо и преку ставовите на програмските корисници, кое е просечно оценето со 3,90.

Имајќи ја предвид постојаната потреба од модернизација на наставните методи и пристапи во институциите кои дејствуваат во полето на образование на возрасни, се заклучува дека користењето на програмата резултира со развојност и иницијативи.

Како резултат од учеството во програмата, различните наставни методи, стратегии и идеи, кои од своја страна претставуваат стандардна практика во една земја, можат да бидат иновациско адаптирани, трансферирани и употребени во друга земја каде што институциите можат да ги усвојат и користат. Воведувањето на нови наставни предмети, како и промени во институцијата на менаџерско ниво, исто така претставуваат значаен ефект од учеството во „Грундвиг" (2,81).

Преку добиените резултати од анализата на извештаите на корисниците на програмата „Грундвиг", се **потврдува хипотезата** со која се претпоставува дека имплементацијата на програмата „Доживотно учење 2007-2013" година позитивно влијае на зголемување на квалитетот, институционално зајакнување и унапредување на образовниот систем во Република Македонија.

# 4. Анализа и интерпретација на податоците од прегледите на искористеност на средства за програмите „Леонардо да Винчи“ и „Еразмус“

## 4.1 Анализа и интерпретација на податоците од прегледите на искористеност на средства за програмата „Леонардо да Винчи“

Стручното образование и обука го опфаќа секое постформално образование што развива знаења, вештини и особини поврзани со одредени форми на вработување. Во суштина, стручното образование и обука ги подобрува способностите за вработување и го поддржува учењето низ животот, обезбедувајќи вештини и знаење за работа. Основната цел е постигнување повисоко ниво на знаење, вештини и квалификација на луѓето во стручното образование и обука во Европа.

Учеството во Програмата претставува добар почеток при вработувањето на учесниците на интернационално ниво, во сè повеќе поврзаниот свет каде што мобилноста, флексибилноста, јазичните способности и интернационалното искуство можат да им помогнат на оние кои бараат вработување на пазарот на трудот. „Леонардо да Винчи“ е интегрирана како втора секторска програма во програмата Доживотно учење од 2007 година и поддржува голем опсег на акции. Покрај акцијата Подготвителни посети, која е слично поставена кај сите сегменти од програмата „Доживотно учење за Република Македонија“, во изминатиот период (2012 и 2013 година) отворени се и следниве акции:

- Почетна стручна обука;
- Лица на пазарот на трудот;
- Професионалци во стручно образование и обука.

Заедничка карактеристика на сите акции е фокусирањето на корисници од областа на стручното образование и обука, како и мобилноста како елемент од севкупниот обем на активности во рамки на еден предлог-проект.

Основната диференцијација меѓу акциите е всушност попрецизната определба на корисниците и видот на активностите кои ќе бидат опфатени во проектот.

*Почетната стручна обука* е наменета за корисници кои поминуваат низ почетно стручно образование, како и нивна обука. Во однос на активностите таа најчесто предвидува транснационална мобилност во почетната стручна обука. Оваа активност се состои од период на стручна обука и/или работно искуство на учесниците (стажанти, ученици, тренери итн.) во претпријатие или институција за обука во друга земја која учествува во Програмата.

Акцијата *„Лица на пазарот на трудот"*, од друга страна, вклучува работници, самовработени лица или лица кои се погодни за вработување. Активноста најчесто се фокусира на период на обука во странство во контекст на стручно образование. Во рамките на проектот значајна е и соработката која се остварува меѓу институцијата која испраќа корисници и организациите домаќини.

Во однос на акцијата *Професионалци во стручното образование и обука*, програмата „Леонардо да Винчи" предвидува проекти кои вклучуваат професионалци во стручното образование и обука, како што се: наставници, обучувачи, тутори, практиканти, кадар кој работи во стручното образование, советници за водство, лицата одговорни на установи за обука, за планирање на обуки, професионално водство во институции, менаџери за човечки ресурси во институции и сл.

Активностите предвидени во акцијата за професионалци во стручното образование и обука се фокусираат на трансферот на знаења и зголемувањето на компетентноста на корисниците, како и развивање на иновациските методи во областа на професионалната обука.

Во анализите кои следуваат се испитуваат податоци кои произлегуваат од прегледи на финансиски средства од доделени грантови од страна на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, како и искористеноста на доделените финансиски средства од страна на корисниците на програмата. Заради анализата значајно е и да се претстави буџетската поставеност на програмата „Леонардо да Винчи", како сегмент од програмата „Доживотно учење", која е во согласност со стратегиите на Европската унија за развој на стручното образование и обука, како и потребите на пазарот на труд.

Слика бр. 1

Процентуална дистрибуција на буџет во програмата Доживотно учење



Корениус ≥ 13% | Еразмус ≥ 40% | Леонардо да Винчи ≥ 25% | Грундвиг ≥ 4%

При распределба на буџетот во програмата „Доживотно" учење забележително е дека програмата „Леонардо да Винчи" има исклучително висока процентуална застапеност, која изнесува 25 проценти од вкупниот буџет на европско ниво.

Националната агенција за европски образовни програми и мобилност во Република Македонија на годишно ниво објавува јавен повик за поднесување на предлог-проекти за сите програми кои се во нејзина надлежност, вклучително и програмата „Леонардо да Винчи". Врз основа на вака поделениот буџет, интересот на апликантите - институции од областа на стручното образование и обука, квалитетот на поднесените предлог-проекти и нивниот капацитет за учество и имплементација на меѓународни проекти, Националната агенција врши евалуација и рангирање на проектите, како и нивно финансирање (доделување на грант).

За потребите на истражувањето се анализираат и интерпретираат податоци од прегледи на искористеност на средствата од програмата „Леонардо да Винчи" во Република Македонија. Податоците кои се анализираат се претставени во табели кои се дистрибуирани по години, како и по акциите од програмата. Истражувањето опфаќа временски период од две години (2012 година и 2013 година) што всушност го претставува севкупниот период во Република Македонија во кој имаше можности да се имплементираат акциите од програмата - предмет на оваа анализа.

Табела бр.11

| Доделени средства - програма „Леонардо да Винчи“ (2012 г.), за Почетна стручна обука (IVT)[40] | |
|---|---|
| СОУ „Киро Бурназ“ | 30.968,00 EUR |
| СУГС „Браќа Миладиновски“ | 46.175,00 EUR |
| СОУ „Перо Наков“ | 41.012,00 EUR |
| АСУЦ „Боро Петрушевски“ | 18.930,00 EUR |
| „Академија Леонтиќ“ | 22.713,00 EUR |
| **Вкупно** | **128.830,00 EUR** |

Табела бр.12

| Доделени средства - програма „Леонардо да Винчи“ (2013 г.), за Почетна стручна обука (IVT)[41] | |
|---|---|
| СОЗСУ „Ѓорче Петров“ - Кавадарци | 46.242,00 EUR |
| СОУ „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија | 80.388,00 EUR |
| Здружение на граѓани „Хоризонт“ - Кавадарци | 33.518,00 EUR |
| Паневропски центар - Гостивар | 54.825,00 EUR |
| Младински прес - Струга | 58.940,00 EUR |
| **Вкупно** | **273.913,00EUR** |

Анализата на податоците добиени од прегледите на искористеност на средствата од акцијата Почетна стручна обука водат кон заклучок дека постои тренд на значително зголемување на вкупно доделените средства за имплементација на проектите (табели бр. 11 и 12). Се забележува дека и покрај истиот број (5) на доделени грантови на институциите корисници во 2012 година и 2013 година, износот кој е доделен значајно е поголем во 2013 година. Ова упатува на заклучок дека институциите кои аплицираат за оваа акција значително ги засилуваат своите

[40] http://archive.na.org.mk/index.php/mk/leonardo-da-vinchi.html
[41] Исто

институционални капацитети за аплицирање со поквалитетни проекти, кои претпоставуваат поголеми финансиски средства. Зголемувањето на финансиските средства во проектите од своја страна, пак, условуваат и на зголемен број учесници (стажанти, ученици, тренери итн.) и активности, заради што може да се заклучи и дека сукцесивно се зголемува и институционалниот капацитет на корисниците.

Табела бр.13

| Доделени средства - програма „Леонардо да Винчи“ (2012 г.), за Лица на пазар на труд (PLM)[42] | |
|---|---|
| Министерство за здравство на Р. Македонија | 39.660,00 EUR |
| Ф.А.Ц.Е | 35.984,00 EUR |
| **Вкупно** | **75.644,00 EUR** |

Табела бр.14

| Доделени средства - програма „Леонардо да Винчи“ (2013 г.), за Лица на пазар на труд (PLM)[43] | |
|---|---|
| Федерација на фармери на Р. Македонија | 37.584,00 EUR |
| Универзитетска клиника за детски болести -Скопје | 20.528,00 EUR |
| Центар за меѓукултурен дијалог Куманово | 23.438,00 EUR |
| **Вкупно** | **81.550,00 EUR** |

Податоците добиени од анализата на искористеноста на средствата за акцијата „Лица на пазар на трудот“, како и според анализата на акцијата „Почетна стручна обука“ укажуваат на зголемување на апсорпцискиот капацитет на Република Македонија во однос на средствата од европската програма „Леонардо да Винчи“ (табели бр. 13 и 14). Дополнителен податок кој треба да се потенцира е и дека кај оваа акција се забележува и зголемен број на доделени грантови што укажува дека институциите се дополнително заинтересирани за учество во програмата. Имајќи ги предвид основните цели на програмата, може да се констатира дека зголеменото

[42]Исто
[43]Исто

учество во оваа акција придонесува во подобрување на квалитетот и поддршка на иновациите во стручното образование и обука во институциите.

Табела бр. 15

| Доделени средства - програма „Леонардо да Винчи" (2012 г.), за Професионалци во стручно образование (VETPRO)[44] | |
|---|---|
| „Академија Леонтиќ" | 5.532,00 EUR |
| АСУЦ „Боро Петрушевски" | 18.870,00 EUR |
| Центар за стручно образование и обука | 19.488,00 EUR |
| СОУ „Перо Наков" | 9.215,00 EUR |
| СЕУГС „Михајло Пупин" | 12.816,00 EUR |
| ОСУ „Јовче Тесличков" | 19.995,00 EUR |
| СУГС „Браќа Миладиновски" | 19.136,00 EUR |
| „Тера фитон анимал" | 18.928,00 EUR |
| **Вкупно** | **123.980,00EUR** |

Табела бр.16

| Доделени средства - програма „Леонардо да Винчи" 2013, за Професионалци во стручно образование (VETPRO)[45] | |
|---|---|
| СУГС „Марија Кири-Склодовска" - Скопје | 12.486,00 EUR |
| СЕПУГС „Арсени Јовков" - Скопје | 19.210,00 EUR |
| СОУ „Таки Даскало" - Битола | 17.600,00 EUR |
| СОУ „Нико Нестор" - Струга | 17.524,00 EUR |
| Македонско здружение за заштита при работа Скопје | 15.530,00 EUR |
| ПСУ „САБА" - Скопје | 7.008,00 EUR |
| „АБАТ" - Скопје | 19.136,00 EUR |
| Научно друштво за образование и педагогија Скопје | 17.600,00 EUR |
| СУГС „Лазар Танев" - Скопје | 19.620,00 EUR |
| СОУ „Гошо Викантиев" - Кочани | 11.112,00 EUR |
| **Вкупно** | **156.826,00EUR** |

[44]Исто
[45]Исто

Графикон бр. 8

Вкупно доделени средства за програмата „Леонардо да Винчи" за 2012 година и 2013 година




Според анализираните податоци од искористеноста на финансиските средства во акцијата Професионалци во стручното образование, во Република Македонија постои тенденција на зголемување на побарувачката за финансиски средства за овој вид активности, како и зголемување на бројот на грантисти или корисници на акцијата. Слично, како и во претходно анализираните податоци од акциите на програмата „Леонардо да Винчи" и во оваа акција се забележува пораст во однос на доделените грантови. Добиените податоци одат во прилог на констатацијата дека и зголеменото искористување на средства резултира со унапредување и зголемување на квалитетот и институционално зајакнување во областа на стручното образование.

На ниво на програмата „Леонардо да Винчи", вклучувајќи ги сите анализирани податоци за искористеност на средствата за програмата, може да се

утврди дека постои и повторување на корисници, односно институции кои аплицираат и добиваат финансиска поддршка за своите проекти во повеќе наврати.

Ова упатува дека институциите создаваат значително зголемен капацитет, како и континуитет за учество во меѓународни проекти од кои како резултат произлегува позитивно и развојно влијание врз македонските образовни перспективи.

Успешноста во имплементацијата и високата реализација на финансиските средства на програмата „Леонардо да Винчи" е во корелација со претходните искуства и создадените капацитети на институциите од сферата на стручното образование, кои во изминатиот период успешно имплементирале и проекти од Компонентата IV од ИПА „Развој на човечки ресурси" во рамки на Оперативната програма за развој на човечки ресурси, приоритетна оска 2 – образование и обука.

Наведената анализа, која произлегува од податоците добиени од прегледите на искористеност на средствата, упатува на **потврдување на хипотезата** дека имплементацијата на програмата „Доживотно учење 2007-2013 година" позитивно влијае на зголемување на квалитетот, институционално зајакнување и унапредување на образовниот систем во Република Македонија.

## 4.2 Анализа и интерпретација на податоците од прегледите на искористеност на средства за програмата „Еразмус"

Програмата „Еразмус" е водечка програма на Европската комисија насочена кон модернизација на високото образование во Европа. Оваа програма резултираше со иницијативата за воспоставувањето на Болоњскиот процес. Нејзината најважна цел е да креира таканаречена „Европска област на високо образование" и да промовира иновативност во цела Европа. Академската мобилност овозможена преку програмата „Еразмус", обезбедува можност за студирање, работа и живот во различни академски, културни и општествени средини. Излезите од програмата се согледуваат со тоа што: корисниците на мобилност во значајна мера ги зголемуваат своите можности за вработување, односно ја зголемуваат својата конкурентност на пазарот на трудот, се зголемува општествената свест, како и прагот на толеранција, а воедно се развива и свеста за потребата од борба против сите видови дискриминација.

Во програма „Еразмус" учествуваат единствено високообразовните институции носители на универзитетска повелба „Еразмус". Повелбата претставува документ кој ги опишува минималните барања кои високообразовните институции треба да ги исполнат за да можат да се вклучат во сите активности во рамките на програмата „Еразмус".

Програмата „Еразмус" е дел од програмата „Доживотно учење" и истовремено искористува најголем процент од финансиските средства наменети за програмата „Доживотно учење". Буџетот наменет за програмата „Еразмус" претставува 60 проценти од севкупниот буџет кој е наменет за програмата „Доживотно учење" со сите свои компоненти (слика бр. 1).

Високообразовните институции кои се носители на универзитетски повелби „Еразмус", еднаш годишно поднесуваат апликации до Националната агенција за европски образовни програми и мобилност преку кои бараат определени финансиски средства за финансирање на академска мобилност на студентите, професорите, како и административниот персонал на универзитетите.

За потребите на ова истражување се анализираат и интерпретираат податоци од прегледи на искористеност на средствата од програмата „Еразмус". Податоците кои се анализираат се претставени во табели, кои се дистрибуирани по години. Истражувањето опфаќа временски период од три академски години и тоа 2009/10 година, 2012/13 година и 2013/14 година, што всушност го претставува севкупниот период во Република Македонија, во кој се имплементираат активности од програмата „Еразмус", која е предмет на овој дел од истражувањето. Во периодот на академските 2010/11 година и 2011/12 година, програмата „Еразмус" е недостапна за Република Македонија и затоа овој период не е дел од ова истражување.

Табела бр. 17

| **Побарани и доделени средства за „Еразмус" за а.г. 2009/10**[46] | |
|---|---|
| Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје | 27.030,00 EUR |
| Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола | 19.400,00 EUR |
| Државен универзитет - Тетово | 40.320,00 EUR |
| **Вкупно** | **86.750,00 EUR** |

Табела бр. 18

| **Искористени средства за „Еразмус" за а.г. 2009/10**[47] | |
|---|---|
| Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје | 14.624,00 EUR |
| Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола | 4.020,00 EUR |
| Државен универзитет - Тетово | 32.256,00 EUR |
| **Вкупно** | **50.900,00 EUR** |

Програмата „Еразмус" во Република Македонија почнува да се имплементира од 2009 година преку Националната агенција за европски образовни програми и мобилност и три државни универзитети кои во овој период се стекнуваат со универзитетски повелби „Еразмус". Имајќи го

[46]http://www.na.org.mk
[47] Исто

предвид недоволното искуство, како и подготвителната фаза во која се наоѓаше Република Македонија, на овие универзитети им беа одобрени помали финансиски средства со цел да се изградат капацитети за администрирање и изведување на академски мобилности.

Податоците од прегледите на искористеноста на средствата за програмата „Еразмус" водат кон заклучок дека заради недоволното искуство и сè уште неразвиените институционални капацитети на универзитетите, оневозможено е потполно искористување на финансиските средства преку реализација на поголем број на мобилности (табели бр. 17 и 18).

Табела бр.19

| **Побарани и доделени средства за „Еразмус" за а.г. 2012/13**[48] | |
|---|---|
| Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје | 68.925,00 EUR |
| Универзитет „Св. Климент Охридски"- Битола | 77.200,00 EUR |
| Државен универзитет - Тетово | 94.450,00 EUR |
| Универзитет „Гоце Делчев" - Штип | 113.200,00 EUR |
| Универзитет на Југоисточна Европа | 65.225,00 EUR |
| Прв приватен универзитет – ФОН | 38.600,00 EUR |
| Меѓународен универзитет во Струга | 44.600,00 EUR |
| Висока школа за новинарство и односи со јавност | 19.850,00 EUR |
| Институт „Евробалкан" | 18.350,00 EUR |
| Факултет за бизнис-економија | 27.350,00 EUR |
| **Вкупно** | **567.750,00 EUR** |

[48]Исто

Табела бр. 20

| Искористени средства за „Еразмус“ за а.г 2012/13[49] | |
|---|---|
| Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје | 30.189,00 EUR |
| Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола | 27.340,00 EUR |
| Државен Универзитет - Тетово | 0 EUR[50] |
| Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип | 39.810 EUR |
| Универзитет на Југоисточна Европа | 6.825 EUR |
| Прв приватен универзитет – ФОН | 0 EUR[51] |
| Меѓународен универзитет во Струга | 0 EUR[52] |
| Висока школа за новинарство и односи со јавност | 1.500 EUR |
| Институт „Евробалкан“ | 2.364 EUR |
| Факултет за бизнис-економија | 12.960 EUR |
| **Вкупно** | **120.988,00 EUR** |

Анализата на податоците од прегледите за искористеност на средства за програмата „Еразмус“, кои се однесуваат на академската 2012/13 година, укажуваат дека во овој период високообразовните институции во значително се инволвираат во интернационализација на нивните институции (табели бр. 19 и 20). Оваа констатација се потврдува и преку податокот дека за разлика од академската 2009/10 година, во Република Македонија во 2012 година има десет високообразовни институции кои се носители на „Еразмус“ повелба и корисници на програмата.

[49] http://www.na.org.mk

[50] Високообразовна институција која не успеала да ги реализира доделените финансиски средства и не реализирала ниту една академска мобилност

[51] Исто

[52] Исто

Од понатамошната анализа може да се воочи дека и финансиските средства кои се наменети за Програмата значително се зголемени, имајќи ја предвид зголемената потреба за академска мобилност во високообразовните институции.

Според податоците од анализата може да се заклучи дека институционалните можности, како и административниот капацитет се зголемува и корисниците се во можност да реализираат повеќе академски мобилности во 2012/13 година. Анализата дополнително укажува и дека дел од корисниците сè уште се соочуваат со тешкотии во реализацијата и имплементацијата на програмата „Еразмус“.[53]

Исклучително ниската реализација или неможноста воопшто да се реализира академска мобилност, во најголема мера се должи на неподготвеноста на универзитетите да ја администрираат програмата како и слабата информираност на студентите за можностите кои ги нуди програмата „Еразмус“.

Како многу значаен фактор во однос на слабата реализација е и ограничувањето поставено во Програмата кое предвидува само излезни мобилности од Република Македонија. Последица на ова ограничување е тешкотијата на високообразовните институции да склучуваат „Еразмус“ билатерални договори со високообразовни институции од Европската унија, кои се предуслов за остварување на академска мобилност во програмата. Имено, вообичаена практика при склучување на „Еразмус“ билатерални договори е постоење реципроцитет при реализација на мобилностите што ја потенцира потребата на високообразовните институции од Република Македонија да можат да реализираат и влезни мобилности т.е. да бидат институции домаќини на корисници на мобилност од други земји-учеснички во програмата.

Очигледно е дека во периодот на академската 2013/14 година високообразовните институции дополнително ги зголемуваат напорите за зголемено учество во програмата. Анализата на податоци води кон заклучок дека на секој нов повик за програмата „Еразмус“, корисниците ги зголемуваат своите

[53] Високообразовна институција која не успеала да ги реализира доделените финансиски средства и не реализирала ниту една академска мобилност

финансиски побарувања и реализираат поголем број академски мобилности (табели бр. 21 и 22).

Табела бр.21

| **Побарани и доделени средства за „Еразмус“ за а.г. 2013/14**[54] | |
|---|---|
| Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје | 116.900,00 EUR |
| Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола | 88.300,00 EUR |
| Државен универзитет - Тетово | 94.800,00 EUR |
| Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип | 94.800,00 EUR |
| Универзитет на Југоисточна Европа | 65.100,00 EUR |
| Прв приватен универзитет – ФОН | 38.100,00 EUR |
| Меѓународен универзитет во Струга | 26.000,00 EUR |
| Висока школа за новинарство и односи со јавност | 15,000,00 EUR |
| Институт Евробалкан | 5.000,00 EUR |
| Факултет за бизнис-економија | 25.000,00 EUR |
| МИТ - Скопје | 15.000,00 EUR |
| **Вкупно** | **584.000,00 EUR** |

[54] http://archive.na.org.mk/index.php/mk/dozhivotno-uchenje.html

Табела бр.22

| Искористени средства за „Еразмус“ за а.г. 2013/14[55] | |
|---|---|
| Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје | 107.850,00 EUR |
| Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола | 17.186,00 EUR |
| Државен универзитет -Тетово | 0 EUR[56] |
| Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип | 0 EUR[57] |
| Универзитет на Југоисточна Европа | 0 EUR[58] |
| Прв приватен универзитет - ФОН | 0 EUR[59] |
| Меѓународен универзитет во Струга | 0 EUR[60] |
| Висока школа за новинарство и односи со јавност | 13.160,00 EUR |
| Институт „Евробалкан“ | 0 EUR |
| Факултет за бизнис-економија | 11.392,00 EUR |
| МИТ - Скопје | 14.390,00 EUR |
| **Вкупно** | **163.978,00 EUR** |

Податоците кои се предмет на анализа во прегледите на искористеност на средствата за програмата „Еразмус“ упатуваат на заклучок дека во академската 2013/14 година, корисниците на програмата „Еразмус“ сè поинтензивно се вклучуваат во интернационализација на своите институции. Иако податоците се непотполни, заради фактот дека проектите од овој период се сè уште отворени, забележлив е позитивен тренд кај институциите за кој постојат податоци. Имајќи предвид дека расположливите податоци за искористеност на средства се изведени од среднорочните извештаи кои се поднесени до Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, како и дека академските мобилности за

[55] Исто
[56] Високообразовна институција која сè уште нема поднесено извештај за реализација на академски мобилности.
[57] Исто
[58] Исто
[59] Исто
[60] Исто

2014 година сè уште се во тек, може да се предвиди дека во академската 2013/14 година ќе постои тренд на зголемување на искористеноста на средства и зголемен број мобилности (табела бр. 22).

Придобивките од сè поинтензивното користење на програмата „Еразмус" неминовно ќе креира позитивно влијание во смисла на зголемена интернационализација во високото образование, како и интензивна соработка меѓу високообразовните институции од Република Македонија со високообразовни институции од Европа.

Имплементацијата на програмата воопшто има и за цел зголемување на можностите за развој и трансфер на иновации во високото образование, но и јакнење на соработката меѓу владиниот и образовниот сектор од каде што би произлегле и влијанија врз дел од образовните политики и стратегии на Република Македонија. Како последица на вакви влијанија и потреба од интернационални искуства на пазарот на труд, во Република Македонија направени се измени на Законот за високо образование во периодот на 2013 година. Измените се во насока на интегрирање на мобилноста како редовна активност на високообразовните институции, како и воведување на студиски програми на англиски јазик, кои освен за домашните студенти се наменети и за студентите кои доаѓаат на студии во Република Македонија преку програмата „Еразмус"[61].

Анализираните податоци и изведените заклучоци од прегледите за искористеност на средствата за програмата „Еразмус", упатуваат на **потврдување на хипотезата** дека Европските програми за образование и обука се интегрираат во развојниот процес на македонскиот образовен систем.

[61] Закон за изменување и дополнување на законот високото образование, Сл. весник на Р. Македонија, бр. 15 од 25.01.2013 година

# Четврти дел – Заклучни согледувања и препораки

# Заклучни согледувања и препораки

Образованието е основа за социјална трансформација на општеството. Неспорно е влијанието кое го има образованието врз економскиот развој, мобилноста на работната сила, како и можноста за интеграција во меѓународните економски текови.

Европските програми за образование и обука имаат тенденција за унапредување на образованието, кое ќе ја зајакне одржливоста на економскиот развој. Мобилноста пак од своја страна, третирана како современа потреба, подразбира широка отвореност за комуникација и креирање на мрежи на европско ниво во насока на унапредување на општествата.

Учеството на Република Македонија во образовните програми на Европската унија претставува значајна поддршка на евроинтеграциските процеси и ја отсликува македонската ЕУ перспектива.

Националната агенција за европски образовни програми и мобилност во Република Македонија е во функција на унапредување на македонскиот образовен систем, промовирање на активно граѓанство на младите, создавање на подобри можности за сите и подигнување на квалитетот на животот. Агенцијата имплементира европски програми и иницијативи во сферата на образованието, кои водат кон зајакнување на личниот, професионалниот и институционалниот развој. Организираното и системско партиципирање во обуките и проектите водат кон излези кои се клучни за трансформацијата на македонскиот образовен систем.

Еден од приоритетите на Република Македонија во контекст на развивање на квалитетна национална политика во областа на образованието и обуката е интензивирањето на образовната мобилност со сето значење кое го има во однос на компатибилноста со современите европски образовни трендови и приклучување кон европскиот образовен простор.

Програмата „Доживотно учење", а консеквентно и програмата „Еразмус плус" се исклучително релевантни и корисни за целиот образовен систем во Република Македонија. Тие ги дополнуваат и им додаваат вредност на националните политики и иницијативи преку обезбедување на европска димензија на секое ниво во процесот на доживотно учење.

Програмите имаат исклучително влијание за зголемување на личните и професионални капацитети и знаења на лицата кои зеле учество. Овие лица несомнено се стекнуваат и со интеркултурни и интернационални искуства од кои произлегува и дополнителна мотивираност и амбиција во нивниот понатамошен професионален развој. Унапредувањето и осовременувањето на педагошките модели во наставниот процес, како и зголемувањето на професионалната свесност за имплементирање на нови техники и методи во работните процеси, се исклучително важни компоненти кои исто така се последица на искуствата стекнати со помош на програмите. Очигледен е и заклучокот дека програмите од ваков карактер ја мобилизираат свесноста на раководниот и наставниот кадар за новите механизми за финансирање на училиштата, според моделот на развиените образовни системи во Европа.

Имајќи предвид дека сите лица инволвирани во програмите дејствуваат во институциите на образовниот систем, може да се заклучи дека нивното искуство стекнато со учеството во некоја од европските програми за образование и обука ќе се рефлектира и мултиплицира во институцијата во која работат. Оттука може да се изведе заклучок дека европските програми за образование и обука имаат значајно влијание и врз институционалното зајакнување и унапредување на образовниот систем во Република Македонија.

На институционално ниво европските програми за образование и обука креираат нова парадигма за организациска ефективност која во себе инкорпорира висока посветеност кон интернационализација и европеизација на самите институции.

Во 2014 година Република Македонија се стекна со право полноправно да учествува во програмата „Еразмус плус", која се надоврзува и се надградува на искуствата стекнати преку програмата „Доживотно учење". Статусот на програмска

земја за Република Македонија е од особено значење, бидејќи истиот обезбедува зголемени можности за учество во сите акции на програмата, како и поголем пристап до европските фондови. Исклучително важно во иднина ќе биде користењето на резултатите од спроведените проекти да се искористат во национален контекст и истите да се интегрираат во развојниот процес на македонскиот образовен систем.

Интеграцијата на искуствата и сознанијата кои произлегуваат како резултат од проектите во програмата „Еразмус плус“ ќе придонесат кон креирање на образовни политики компатибилни со образовните политики во Европа. Оваа препорака е исклучително важна во контекст на развивање на образовниот систем на Република Македонија кој треба да продуцира кадар со исклучителна флексибилност, способност за брзо приспособување, како и ефикасно и ефективно стекнување на нови вештини кои даваат предност во работењето.

Оттука произлегува констатацијата дека зајакнувањето на образовните капацитети во Република Македонија во голем степен е условено од користењето на европските програми за образование и обука, Доживотно учење и консеквентно новата програма за образование, обука, млади и спорт програмата „Еразмус плус 2014-2020“.

# Користена литература


1. Ангелоска-Галевска, Н. (1998), *Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието,* Битола: Киро Дандаро.
2. Ангелоска-Галевска, Н. (2003), *Методологија на педагошките истражувања*. Скрипта А4. Институт за педагогија - Филозофски факултет, Скопје.
3. Aspin, D.N., Chapman, J.D. (2007) *Values Education and Lifelong Learning: Principles, Policies, Programmes,* Springer, America.
4. Communication from the Commission - Making a European Area of Lifelong Learning a Reality - Brussels, 21.11.2001, COM(2001) 678 final.
5. Димитров, Д., Тофовиќ Ќамилова, М., Томевска-Илиевска, Е., (2014), Мобилноста во образованието – концепт за зајакнување на образовните капацитети во Република Македонија. Скопје: Филозофски факултет. Научна конференција „Реформите во воспитно-образовниот систем во Република Македонија".
6. DECISION No 1720/2006/EC of the European Parliament and of the Council of 15 November 2006 establishing an action programme in the field of lifelong learning.
7. Dominic, O. (2011)*Mapping Mobility in European Higher Education*, DAAD, Germany.
8. Закон за основање на Национална агенција за европски образовни програми, „Службен весник на РМ" бр.113 од20.09.2007 година
9. Закон за изменување и дополнување на законот високото образование, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.15 од 25.01.2013 година
10. Извештај за напредокот на Република Македонија за 2013 година.

11. Lifelong Learning in the Global Knowledge Economy: Challenges for Developing countries, World Bank report 2003.
12. *Матрица на цели и активности,* Поглавје 3.26 - Образование и култура, Национална програма за усвојување на правото на Европската унија, Ревизија 2014, (2013) Скопје: Влада на Република Македонија, Секретаријат за Европски прашања.
13. *Националната стратегија за стручно образование и обука во контекст на доживотното учење 2013-2020 година.* (2013) Скопје: Министерството за образование и наука, Подготвена со поддршка на Европската фондација за обука (ETF).
14. *Национална програма за развој на образованието во Република Македонија: 2005 – 2015,* (2005) Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија.
15. *Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија, Ревизија 2014 – 2016,* (2013) Скопје: Влада на Република Македонија, Секретаријат за Европски прашања.
16. Óhidy, A.(2008)*Lifelong Learning: Interpretations of an Education Policy in Europe*,VS Research,Germany.
17. Програма Доживотно Учење, Водич за Национални агенции,(2010), Интерен документ.
18. Програма „Еразмус" плус, Водич за Национални агенции, (2013), Интерен документ.
19. Ризова, Е. (2011), ,,Третманот на самоучењето концептот на доживотно учење'', *Годишен зборник.* Скопје: Филозофски факултет.
20. Regulation of the European Parliament and of the Council establishing "ERASMUS+": the Union Programme for Education, Training, Youth and Sport and Repealing Decisions No 1719/2006/EC, No 1720/2006/EC and No 1298/2008/EC
21. Службен весник на Европската унија 2009/ц119/02 (ЕТ2020)

22. Toman, N., Osborne, M., Houston, M. (2007) *The Pedagogy of Lifelong Learning: Understanding Effective Teaching and learning in diverse contexts,* Routledge, New York, USA.

# Интернет извори


23. http://eacea.ec.europa.eu/llp/about_llp/about_llp_en.php
24. http://eacea.ec.europa.eu/llp/comenius/comenius_en.php
25. http://eacea.ec.europa.eu/llp/leonardo/leonardo_da_vinci_en.php
26. http://eacea.ec.europa.eu/llp/grundtvig/grundtvig_en.php
27. http://eacea.ec.europa.eu/llp/erasmus/erasmus_en.php
28. http://eacea.ec.europa.eu/llp/results_projects/statistics_en.php
29. http://ec.europa.eu/education/index_en.htm
30. http://ec.europa.eu/programmes/erasmus-plus/index_en.htm
31. http://www.seeeducoop.net/education_in/pdf/workshop/tesee/dokumenti/mk-eu-common-principles.pdf
32. http://www.cedefop.europa.eu/EN/Index.aspx
33. www.na.org.mk
34. http://ec.europa.eu/programmes/erasmus-plus/documents/erasmus-plus-programme-guide_en.pdf
35. http://archive.na.org.mk/tl_files/documents/llp_guide_2013_part_1.pdf
36. http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A32013R1288&qid=1395671967554
37. http://eacea.ec.europa.eu/llp/studies/documents/grundtvig_lot2/lot_2_final_report.pdf
38. http://eacea.ec.europa.eu/llp/about_llp/about_llp_en.php
39. http://ec.europa.eu/programmes/erasmus-plus/discover/index_en.htm
40. http://www.na.org.mk/index.php/mk/novosti-detalna/items/povik-erasmusplus.html
41. http://archive.na.org.mk/index.php/mk/leonardo-da-vinchi.html